Audit & Business Advisory

# Јавно Претпријатие „Национални шуми” СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година и

## Извештај на независните ревизори

A member of mgiworldwide

| Содржина | Страна |
|---|---|


| | |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ | 1 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ | |
| - Извештај за финансиска состојба | 4 |
| - Извештај за сеопфатна добивка | 5 |
| - Извештај за промените во капиталот | 6 |
| - Извештај за паричните текови | 7 |
| - Белешки кон финансиските извештаи | 8 |
| - Прилози | |

Audit & Business Advisory

Ул .1661 бр.9-50
1000 Скопје
Република С. Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:
Раководството и основачот на
ЈП "Национални шуми' СКОПЈЕ

# Извештај на независните ревизори

## *Извештај за финансиските извештаи*

Ние бевме ангажирани да извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈП „Национални шуми" Скопје (во понатамошниот текст „Јавното претпријатие" или „Претпријатието"), составени од Извештај за финансиска состојба на ден 31 декември 2023 година и Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## *Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на ревизија спроведена во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Заради прашањата опишани во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можноста да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизијата.

## *Основа за воздржување од мислење*

1. Ние бевме назначени за ревизори на Јавното претпријатие по 31 декември 2023 година и не бевме во можност да го набљудуваме физичкиот попис на средствата и на обврските на почетокот на годината. Ние не бевме во состојба да се увериме во однос на комплетност, постоење, точност и вреднувањето на залихата и на основните средства на 31 декември 2023 година преку други ревизорски постапки. Поради овие прашања, ние не бевме во состојба да утврдиме дали корекции би биле потребни во однос на евидентирани или неевидентирани залихи и средства како и со нив поврзани трошоци и приходи, кои се составен дел на извештајот за финансиска состојба, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за паричните текови.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

Ул .1661 бр.9-50
1000 Скопје
Република С. Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Основа за воздржување од мислење (продолжува)***

2. Како што е обелоденето во белешка 5, Јавното претпријатие има основни средства во износ од 59.400.774 илјади денари. Јавното претпријатие во рамките на недвижности, постројки и опрема има евидентирано износ од 58.801.116 илјади денари кои се однесуваат на биолошки средства. Согласно МСС 41, биолошкото средство треба да се мери при почетното признавање и на крајот на секој датум период на известување според неговата објективна вредност намалена за проценетите трошоци во моментот на продажба. Добивка или загуба којашто произлегува при почетното признавање на биолошкото средство според објективната вредност намалена за проценетите трошоци во моментот на продажба, и од промената во објективната вредност намалена за проценетите трошоци во моментот на продажба на биолошкото средство, треба да се вклучи во добивката или загубата за периодот во којшто настанала. Ние со спроведување на ревизорски процедури не бевме во можност да стекнеме разумно уверување за состојбата, количините и вредноста на биолошките средства на Јавното претпријатие со состојба на 31.12.2023 година.
3. Како што е обелоденето во белешка 11, Јавното претпријатие има евидентирано останати тековни средства и АВР во износ од 207.731 илјади денари. Во овој износ се вклучени 164.275 илјади денари кои што претставуваат почетна состојба на евидентирано побарување од државните институции од страна на Јавното претпријатие за спроведување на акцијата „Ден на дрвото", која е укината заклучно со 31 Декември 2017 година, согласно Одлука на Владата на Република Северна Македонија. Поради овие прашања, ние не бевме во состојба да утврдиме дали корекции би биле потребни во однос на овие евидентирани побарувања.
4. Како што е обелоденето во белешка 13, капиталот на Јавното претпријатие изнесува 58.626.140 илјади денари. Во овој износ се вклучени ревалоризациони резерви кои со датумот на известување изнесуваат 53.245.316 илјади денари, кои се однесуваат на почетни состојби настанати од минат период со внес на проценетата вредност на биолошките средства, за кои што ние со спроведување на ревизорски процедури не можевме да обезбедиме достатни и соодветни ревизорски докази. Следствено, ние не бевме во можност да утврдиме дали се потребни одредени прилагодувања и корекции во извештајот за финансиска состојба, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот за паричните текови, за наведените прашања во овој параграф.

***Воздржување од мислење***

Поради значењето на прашањата објаснети во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизијата. Следствено, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ЈП Национални шуми на ден 31 декември 2023 година.

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Претпријатието е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Претпријатието за 2023 година во согласност со член 240 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во Годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Претпријатието со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Претпријатиетпо со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2023, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Претпријатието со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје

Дарко Калин

Управител

Дарко Калин

22 Јануари 2025

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република.С Македонија број 79 од 2010 година

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**За годината која завршува на 31 декември 2023 и 2022**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 59.400.774 | 59.371.091 |
| Нематеријални средства | 6 | 6.611 | 5.618 |
| Вложувања во подружници и придружни друштва | | 7.394 | 7.394 |
| | | **59.414.779** | **59.384.103** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 8 | 106.352 | 84.772 |
| Краткорочни финансиски средства | 9 | 275 | 275 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 10 | 415.648 | 392.445 |
| Побарување за данок на добивка | 11 | 21.486 | - |
| Парични средства и еквиваленти | 12 | 5.872 | 27.088 |
| | | **549.633** | **504.580** |
| **Вкупно средства** | | **59.964.412** | **59.888.683** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Основачки капитал | 13 | 5.940.384 | 5.940.384 |
| Резерви | | 53.245.316 | 53.245.316 |
| Акумулирани добивки | | (559.560) | (418.603) |
| | | **58.626.140** | **58.767.097** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни финансиски обврски | | 7.787 | 26.064 |
| Останати долгорочни обврски | | 255.841 | 277.410 |
| | | **263.628** | **303.474** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | | 61.697 | 60.367 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 14 | 992.721 | 738.614 |
| Обврска за данок на добивка | 15 | 20.226 | 19.131 |
| | | **1.074.644** | **818.112** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **59.964.412** | **59.888.683** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени на 15март 2024 годинаод страна на раководството на Друштвотои потпишани во негово име од страна на:

Раководител на финансии
Златко Сазов

ВД Директор
проф. д-р Здравко Трајанов

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 16 | 1.096.131 | 1.212.311 |
| Останати деловни приходи | 17 | 284.166 | 530.404 |
| | | | |
| Промена на залихи | | 16.231 | (12.715) |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (790) | (465) |
| Материјални трошоци | 18 | (94.078) | (115.469) |
| Трошоци за вработени | 19 | (861.022) | (846.274) |
| Депрецијација и амортизација | 5,6 | (47.101) | (45.746) |
| Останати деловни трошоци | 20 | (523.189) | (493.117) |
| **Добивка од оперативно работење** | | **(129.652)** | **228.929** |
| | | | |
| Финансиски приходи | | 347 | 598 |
| Финансиски расходи | | (7.700) | (178.884) |
| **Добивка пред оданочување** | | **(137.005)** | **50.643** |
| | | | |
| Данок на добивка | 21 | - | (22.114) |
| **Нето добивка за годината** | | **(137.005)** | **28.529** |
| | | | |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **(137.005)** | **28.529** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | **Основачки капитал** | **Резерви** | **Нераспред. добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2022 година** | **5.940.384** | **53.245.316** | **(447.132)** | **58.738.568** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки | - | - | - | - |
| Објавени и исплатени дивиденди | - | - | - | - |
| *Вкупно трансакции со сопствениците* | *5.940.384* | *53.245.316* | *(447.132)* | *58.738.568* |
| Добивка за годината | - | - | 28.529 | 28.529 |
| *Останата сеопфатна добивка* | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка | - | - | 28.529 | 28.529 |
| **На 31 декември 2022 година** | **5.940.384** | **53.245.316** | **(418.603)** | **58.767.097** |
| **На 01 јануари 2023 година** | **5.940.384** | **53.245.316** | **(418.603)** | **58.767.097** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки | - | | | - |
| Објавени и исплатени дивиденди | - | - | - | - |
| *Вкупно трансакции со сопствениците* | *5.940.384* | *53.245.316* | *(418.603)* | *58.767.097* |
| Добивка за годината | - | - | (137.005) | (137.005) |
| Прилагодување на почетна состојба | | | | - |
| Сметководствена корекција | - | - | (3.952) | - |
| *Останата сеопфатна добивка* | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка | - | - | (140.957) | (140.957) |
| **На 31 декември 2023 година** | **5.940.384** | **53.245.316** | **(559.560)** | **58.626.140** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | |
| Добивка/(загуба) пред оданочување | (137.005) | 28.529 |
| Усогласување за: | | |
| Амортизација на материјални средства и нематеријални средства | 47.101 | 45.746 |
| Долгорочни резервирања на трошоци за обновување на природни богатства | 108.120 | 111.228 |
| Приходи од ослободени долгорочни резервирања | (109.324) | (83.199) |
| Загуби/добивки врз основ на расходување и продажба на материјални и нематеријални средства | (132.135) | (76.332) |
| Сметководствена корекција | (3.952) | - |
| Кусоци/вишоци, нето | (1.100) | (242) |
| Отпис на обврски | (1.393) | (11.223) |
| Државни поддршки | (1.486) | (336.808) |
| Отпис на побарувања | 1.016 | 621 |
| Одобренија кон купувачи | - | 409 |
| Приход од камати | (89) | (14) |
| Трошок за камати | 7.700 | 178.884 |
| *Зголемување (намалување) на тековните средства* | | |
| Залихи | (20.480) | 9.875 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | (24.219) | (20.751) |
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка | (21.486) | - |
| *Зголемување (намалување) на тековните обврски* | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 233.931 | (83.507) |
| Обврски за данок од добивка | 22.580 | 18.160 |
| *Нето паричен тек од работењето* | (32.221) | (218.624) |
| Платени камати | (7.700) | (178.884) |
| Платен данок на добивка | (21.485) | (3.291) |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | **(61.406)** | **(400.799)** |
| **Инвестициони активности** | | |
| Набавка (продажба) на недвижности, постројки и опрема | 55.562 | 3.603 |
| Примени камати | 89 | 14 |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **55.651** | **3.617** |
| **Финансиски активности** | | |
| Државни поддршки | 1.486 | 336.808 |
| Краткорочни финансиски обврски | 1.330 | (1.268) |
| Долгорочни финансиски обврски | (18.277) | (20.038) |
| Акционерски капитал и задржана добивка | - | (1) |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | **(15.461)** | **315.501** |
| **Нето промени кај паричните средства и еквиваленти** | **(21.216)** | **(81.681)** |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | 27.088 | 108.769 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | **5.872** | **27.088** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост на територијата на Р.С. Македонија "Национални Шуми"п.о.-Скопје (во понатамошниот текст – Друштвото) е јавно претпријатие основано со одлука на Владата на РМ бр 3028/1 од 15.12.1997г. ( Сл.Весник на РМ бр. 65/97) а започна со работа на 01.07.1998 г. како правен следбеник на дотогаш постојните претпријатија за стопанисување со шуми. Претпријатето е регистрирано во Основен суд – Скопје според Решението Трег.бр. 666/98 од 24.03.1998г. и број на регистарска влошка 7-02001896-000-09. Основна дејност на Друштвото според решението од Централен регистар на РМ е земјоделство,лов и соодветни услужни дејности.

Седиште на Друштвото е Булевар “Свети Климент Охридски” бр.68, Скопје - Центар.

Просечен број на вработени во ЈП Национални шуми – Скопје за 2023 година е 1.765 лица (2022 година – 1.921 лица)

Повеќе детали се објавени во Белешката 8 во продолжение на овие финансиски ивештаи.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1. Основа за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (“Службен весник на РСМ” бр. 28/2004 ... 06/2016) и Правилникот за водење сметководство (“Службен весник на РСМ” бр. 159 од 29 декември 2009 година, бр. 164 од 2010 година и 107 од 2011 година). Според овој Правилник се пропишува водењето сметководство во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) вклучувајќи ги и Толкувањата на постојниот комитет за толкување (ПКТ) и Толкувања на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (КТМФИ) издадени на 1 јануари 2009 година.

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

**Основи за подготовка (продолжува)**

Финансиски извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Подготовката на овие финансиски извештаи во согласност со МСФИ прифатени и објавени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиски извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Овие финансиски извештаи претставуваат финансиски извештаи на Матичното Друштво и не ги вклучуваат финансиските извештаи на неговите подружници. Вложувањето на Матичното Друштво во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност намалена за евентуалното обезвреднување.

Друштвото ја води сметководствената евиденција и подготвува финансиски извештаи во локалната валута – Македонски Денар (МКД или Денар) која претставува функционална и презентациска валута.

Финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2023 и 2022 година. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади Денари, освен доколку не е поинаку наведено. Онаму каде што е неопходно направени се прилагодувања во презентацијата на споредбените податоци со цел истата да одговара на презентацијата на тековните податоци.

## 2.2. Трансакции искажани во странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари (“Денари”) по средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот за финансиската состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| 1 УСД | 55,6516 Денари | 57,6535 Денари |
| 1 ЕУР | 61,4950 Денари | 61,4932 Денари |

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

## 2.3. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна односно претпоставена набавна вредност намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување, доколку постои. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата. Цената на чинење на недвижностите, изградени во сопствена режија, се состои од трошокот за материјал, директна работна сила и соодветни општи производни трошоци.

Претпоставената набавна вредност претставува ревалоризирана набавна вредност на одредени ставки на недвижностите, постројките и опремата кои се ревалоризирани во периодите пред 2005 година, по пат на примена на коефициенти за индексирање утврдени од страна на Државниот Завод за Статистика.

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога трошокот на ставката може разумно да се измери.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во Извештајот за сеопфатната добивка во текот на периодот во кој се јавуваат.

Не се пресметува депрецијација на земјиштето и инвестициите во тек. Депрецијацијата на останатите ставки на недвижностите и опремата се пресметува правопропорционално, со цел, да се распредели набавната или претпоставената набавна вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 40 години |
| Опрема | 4-25 години |
| Останата опрема и моторни возила | 4 години |

Резидуалните вредности на средствата и проценетиот век на употреба се прегледуваат и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на известување. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ.

Приходите или расходите поврзани со отуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Разликите се вклучени во Извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога настануваат.

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

## 2.3. Нематеријални средства

Нематеријални средства стекнати од страна на Друштвото, со дефиниран век на употреба, се мерат според набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и загуби од оштетување.

Последователните набавки се капитализираат само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

*Компјутерски софтвер*
Трошоците поврзани со развојот или одржувањето на компјутерски софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи, контролирани од страна на Друштвото и кои најверојатно ќе создадат економски користи што ќе ги надминат трошоците после една година, се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизирани користејќи правопропорционална метода во текот на период од пет години.

## 2.4. Оштетување на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства со дефиниран век на употреба се проверуваат за постоење на можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени на услови укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребената вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина. Нефинансиските средства, освен гудвилот, што претрпеле оштетување се ревидираат за можни промени на оштетувањето на датата на известување.

## 2.5. Вложувања во подружници

Стекнувањето на подружниците е евидентирано според методот на набавна вредност, при што трошокот за стекнувањето претставува објективна вредност на дадените средства, издадените акции или превземените обврски на датумот на стекнувањето, вклучително и непосредните расходи направени за целите на стекнувањето. Вложувањето на Друштвото во подружниците е евидентирано по нивната набавна вредност намалена за евентуалното обезвреднување.

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

## 2.6. Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и финансиски средства расположиви за продажба. Класификацијата зависи од целите за набавка на финансиските средства. Раководството ги класифицира финансиските средства во моментот на нивното првично признавање.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби*
Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства наменети за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел да се продаде во краток рок. Средствата во оваа категорија се класифицираат како тековни средства. Со состојба на 31 декември 2023 и 2022 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

*Финансиски средства кои се чуваат до доспевање*
Вложувања чувани до доспевање се не-деривативни финансиски инструменти со фиксни периоди на отплата и со фиксен период на доспевање кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на доспевање. Со состојба на 31 декември 2023 и 2022 година Друштвото нема класифицирано средства во оваа категорија.

*Кредити и побарувања*
Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен за оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на Извештајот за финансиската состојба. Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на Извештајот за финансиската состојба се состојат од побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања како и парични средства и еквиваленти.

*Финансиски средства расположливи за продажба*
Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување.

*Признавање и мерење на финансиските средства*
Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството. Финансиските средства кои се признаваат според објективна вредност преку добивки или загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста. Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се последователно евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски средства (продолжува)**
Сите финансиски средства кои не се признаваат според објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат по нивната објективна вредност зголемена за трошоците на трансакциите. Добивките или загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивки / загуби во периодот кога настануваат. Приходите од дивиденди се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во капиталот се вклучува во извештајот за сеопфатна добивка како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност во периодот на кој се однесуваат. Каматите од средствата расположливи за продажба, пресметани врз основа на ефективната каматна стапка се признаваат во добивки/загуби како финансиски приходи. Приходи од дивидени од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во добивки / загуби како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда.

*Депризнавање на финансиските средства*
Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

*Оштетувањето на финансиските средства*
a. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност
На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за оштетување може де се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга реорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски средства (продолжува)**
За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки и загуби. Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Друштвото може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна цена.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може објективно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба се намалува преку тековните добивки или загуби.

б. Финансиски средства расположливи за продажба
На секој датум на Извештајот за финансиската состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Друштвото ги користи критериумите наведени во подточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено.

Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во Извештајот за финансиската состојба, се отстранува од сеопфатната добивка и се признава како добивка или загуба за периодот.

Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може објективно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, загубата поради оштетување се намалува преку тековните добивки или загуби.

## 2.7. Пребивање на финансиските инструменти

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

## 2.8. Залихи

Залихите се евидентирани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за трошоците за комплетирање, маркетинг и дистрибуција. Трошокот на материјалите и резервните делови се утврдува користејќи ја методата на пондериран просек и вклучува трошоци направени за нивна набавка, достава до постоечката локација и состојба на употреба.

## 2.9. Побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени стоки во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни побарувања.

Овие побарувања и позајмици иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања и позајмици според нивните оригинални услови на плаќања. Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Значајните должници се тестираат за оштетување на индивидуална основа. Останатите побарувања со слични карактеристики на кредитен ризик се проценуваат групно.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансискто средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството со признавање на поврзаните загуби со признавање на резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековните добивки/загуби. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува наспроти неговото резервирање. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признава како тековна добивка.

## 2.10. Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци од датумот на стекнување.

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

## 2.11. Капитал, резерви и акумулирани добивки/загуби

*(а) Оснивачки капитал*

Оснивачкиот капитал се состои од објективната вредност на монетарните и немонетарните средства доделени од страна на основачот на Друштвото во моментот на неговото основање. Последователно, основачкиот капитал е зголемуван по пат на алокација на добивките и ревалоризационите резерви.

*(б) Резерви*

Резервите се состојат од законски резерви и ревалоризациони резерви. Законските резерви се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки врз основа на законската регулатива и одлуките на раководството на Друштвото.

*(в) Акумулирани добивки/(загуби)*

Акумулираната добивка/(загуба) ги вклучува задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

## 2.12. Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман. Сите финансиски обврски на Друштвото на датумите на известување се класифицирани во категоријата останати финансиски обврски по амортизирана набавнавредност. Овие финансиски обврски се состојат од обврски спрема добавувачи и останати обврски и позајмици.

*Обврски кон добавувачи и останати обврски*

Обврските кон добавувачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведниот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски.

Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

*Позајмици*

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност; разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето. Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

**Финансиски обврски (продолжува)**

Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 2.13. Трошоци за позајмување

Општите и трошоците за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производс на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити каде се очекуваат трошоците за квалификувани средства се одземаат од трошоците за позајмување кои можат да се квалификуваат за капитализација.

Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

### 2.14. Наем

Друштвото признава постоење на договор за наем врз основа на суштината на договорот во зависност од тоа дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

*Друштвото како закупец*

Финансиски наем е тековен закуп на средство кој на Друштвото суштински му ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственоста на предметот на наем. Закупените средства се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по нивната објективна вредност или ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните наем плаќања. Плаќањата по основ на наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на наем обврските со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот. Капитализираните средства за наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот работен век на средството или според наем периодот, ако не постои реална сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост над средството до крајот на наем периодот.

Исплатите на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Поврзаните трошоци како што се трошоци за одржување и осигурување се признаваат во периодот на нивното настанување.

**2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)**

**Наем (продолжува)**

*Друштвото како закуподавач*
Наемот каде Друштвото како закуподавач суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договорите за оперативен наем во Извештајот за финансиската состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како добивки / загуби во текот на наем периодот на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход.

## 2.15. Тековен и одложен данок на добивка

Трошокот за данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

*Тековен данок на добивка*
Основа за пресметка и плаќање на тековниот данок на добивка по стапка од 10% претставува добивката пред оданочување утврдена во Извештајот за сеопфатна добивка, корегирана за одредени помалку искажани приходи и непризнаени трошоци за даночни цели, даночниот кредит како и други даночни ослободувања. Правните субјекти можат да ги употребат даночните загуби утврдени во тековниот период било за надомест на платениот данок во рамки на одреден период за надомест или пак за намалување или елиминирање на даночната обврска за наредните периоди.

*Одложен данок на добивка*
Одложен данок на добивка се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен трошок се користат тековните важечки даночни стапки.
Одложениот даночен трошок се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка. Со состојба на 31 декември 2023 и 2022 година Друштвото нема евидентирано одложени даночни обврски односно средства.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.16. Надомести за вработените

*Придонеси за пензиско осигурување*

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во првиот и вториот пензиски столб кои се одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

*Краткорочни користи за вработените*

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

*Обврски при пензионирање на вработените*

Друштвото, согласно соодветните домашни законски одредби, исплаќа на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден согласно законската регулатива. Друштвото не пресмета и не евидентира резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените на датумот на Извештајот за финансиската состојба.

### 2.17. Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

- Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоците за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и
- Побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во Извештајот за финансиската состојба.

### 2.18. Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна процена на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна процена. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.19. Признавање на приходите и расходите

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест, односно надоместот што треба да се прими за продадените производи и стоки односно обезбедените услуги, нето од данокот на додадена вредност и евентуално одобрените продажни попусти. Приходите се признаваат кога сумата од приходите може прецизно да се измерат и се очекува дека економските користи од извршената трансакција ќе има прилив во Друштвото, кога направените трошоци или идни трошоци може прецизно да се измерат и се исполнети критериумите за различните активности на Друштвото.

**Приходи од продажба на производи и стоки**
Приходот од продажба на производи се признава во моментот на испорака до корисникот, кога приходот може да се пресмета, кога е сигурно дека ќе има финансиски прилив и кога се исполнети специфични критериуми во однос на активностите на Друштвото. Приходите не се сметаат разумно мерливи се додека сите услови поврзани со продажбата не се исполнети.

**Приходи од обезбедување на услуги**
Приходот од обезбедување на услуги се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

**Приходи од наемнини**
Приходи од наемнини на средства под оперативен наем се признаваат во добивките и загубите на правопропорционална основа во текот на наем периодот. Непредвидените наемнини, доколку ги има, се признаваат како интегрален дел од вкупните приходи од наемнини во текот на наем периодот.

**Финансиски приходи и трошоци**
Финансиските приходи се признаваат на временска основа која го одразува ефективниот принос на средствата.
Финансиските трошоци се состојат од трошоци за камата на обврските по позајмици и трошоци за камата на задоцнети плаќања. Трошоците за позајмици се признаваат во добивки или загуби со користење на методот на ефективна камата.

**Приходи од дивиденди**
Приходот од дивиденди се признава кога ќе се обезбеди правото за примање на исплата.

**Расходи од деловното работење**
Расходите од деловното работење се признаваат во моментот на искористувањето на услугите односно во периодот на нивното настанување.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### Признавање на приходите и расходите (продолжува)

**Пребивање на приходите и расходите**
Во текот на своето редовно работење, Друштвото учествува во други трансакции кои не генерираат приходи, туку се инцидентни во однос на главните активности кои генерираат приходи. Друштвото ги презентира резултатите од таквите трансакции преку пребивање на секој приход со соодветните расходи кои произлегуваат од истата трансакција, кога ова презентирање ја одразува суштината на трансакциите или настаните.

### 2.20. Државни поддршки

Државните поддршки не се признаваат додека нема разумна сигурност дека Друштвото ќе ги исполни условите кои се наведени во договорите за поддршка како и сигурност дека поддршките ќе бидат примени.

Државните поддршки чии примарен услов е дека друштвото може да купува, гради или поинаку набавува нетековни средства, се признаени како одложен приход во Извештајот на финасиска состојба и пренесен во добивка или загуба на системска и рационална основа во текот на корисниот период на поврзаните средства.

### 2.21. Распределба на дивиденди

Распределбата на дивиденди на основачот на Друштвото е евидентирана како обврска во финансиските извештаи во периодот кога тие се одобрени од раководството на Друштвото.

### 2.22. Превземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиски извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиски извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна процена на износот на загубата.

### 2.23. Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект. Трансакциите на Друштвото со поврзани субјекти се однесуваат на трансакциите во редовниот тек на работењето.

### 2.24. Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на Друштвото на денот на Извештајот за финансиската состојба (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

### 3.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Управниот Одбор врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 3.2. Кредитен ризик

Ризикот од кредитирање се однесува на ризикот другата договорна страна да не ги исполни своите договорни обврски, што ќе резултира со финансиски загуби за Друштвото.

Друштвото нема значителна концентрација на ризик од кредитирање поради големиот број на клиенти и нивните различни деловни профили.

Максималната изложеност на Друштвото на кредитен ризик е ограничена на евидентираната вредност на финансиските средства признаени на датумот на Извештајот за финансиската состојба, кои се прикажани во следната табела:

***Класи на финансиски средства - евидентирана вредност***

| | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| Финансиски побарувања | 275 | 275 |
| Побарувања од купувачи, нето | 122.727 | 99.423 |
| Побарувања од вработени | 39.631 | 43.442 |
| Парични средства и еквиваленти | 5.872 | 27.088 |
| | **168.505** | **170.228** |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

### 3.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата, во рамките на одредените услови, на износите на побарувањата од купувачи. Раководството на Друштвото е во најголема мера одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од ликвидност.

Табелите во продолжение ја прикажуваат преостанатата договорена доспеаност на финансиските обврски на Друштвото. Табелите се подготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

| | | **2023** |
|---|---|---|
| | Тековни<br>До 1 година | Нетековни<br>Над 1 година |
| Обврски кон добавувачи и останати тековни обврски | 992.721 | - |
| Финансиски обврски | 61.697 | 7.787 |
| | **1.054.418** | **7.787** |

| | | **2022** |
|---|---|---|
| | Тековни<br>До 1 година | Нетековни<br>Над 1 година |
| Обврски кон добавувачи и останати тековни обврски | 738.614 | - |
| Финансиски обврски | 60.367 | 26.064 |
| | **798.981** | **1.559** |

### 3.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

*Ризик од курсни разлики*
Ризикот од курсни разлики се јавува воглавно и онаму каде постојат побарувања и обврски деноминирани во странски валути. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Друштвото има значителна изложеност на ризик од курсни разлики на датумите на известување како резултат на позајмиците. Трансакциите во најголема мера се извршуваат во домашната валута – Денар.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Пазарни ризици (продолжува)**

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следи:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| ЕУР | - | - |
| | | - |
| **Обврски** | | |
| ЕУР | - | 58.234 |
| | - | 58.234 |
| **Нето средства** | **-** | **(58.234)** |

*Анализа на сензитивноста на странски валути*

| | % на промена на курсот | Ефект врз финансискиот резултат 2023 | Ефект врз финансискиот резултат 2022 |
|---|---|---|---|
| ЕУР | 2% | | (1.165) |

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот за 1% во однос на ЕУР. Негативен износ погоре означува намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај ако Денарот ја зголеми својата вредност во однос на странските валути за 1% во однос на ЕУР. При намалување на вредноста на Денарот во однос на странските валути за 1% во однос на ЕУР, ефектот врз добивката или останатиот капитал е еднаков, но со обратен предзнак, како што е прикажано во табелата погоре (во илјади Денари).

*Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност*

Ризик од каматни стапки претставува ризик дека објективната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти ќе имаат промени поради промени во вредноста на пазарните каматни стапки. Друштвото не е значајно изложено на ризици поради промени на пазарните каматни стапки, поради фактот што нема позајмици и други обврски, како и пласмани на финансиски средства со варијабилна каматна стапка. Раководството на Друштвото е во најголема мера одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Со состојба на 31 декември 2023 и 2022 година Друштвото не е изложено на ризик од каматни стапки поради тоа што нема каматоносни обврски со варијабилни каматни стапки.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Пазарни ризици (продолжува)**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| *Со променлива каматна стапка* | | |
| Парични средства и еквиваленти | 2.725 | 24.285 |
| Финансиски побарувања | 275 | 275 |
| | **3.000** | **24.560** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Со променлива каматна стапка* | | |
| Позајмици со камата | 69.484 | 86.431 |
| | **69.484** | **86.431** |

*Анализа на сензитивноста на каматни стапки*

| | | **2023** |
|---|---|---|
| | Нето износ | 1% |
| Со променлива каматна стапка | (66.484) | (665) |

| | | **2022** |
|---|---|---|
| | Нето износ | 1% |
| Со променлива каматна стапка | (61.871) | (619) |

Позитивниот односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку каматните стапки би биле повисоки/пониски за 1%.

## 3.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на основачот, да врати капитал на основачот, да изврши докапитализација или да продаде средства за да го намали долгот.

*Показател на задолженост*
Структурата на изворите на финансирање на Друштвото се состои од обврски, кои ги вклучуваат позајмиците обелоденети во Белешка 15, парични средства и еквиваленти и главнина, која се состои од уплатен капитал и акумулирана добивка.

Раководството ја анализира структурата на изворите на финансирање на годишна основа како однос на нето обврските по позајмици во однос со вкупниот капитал. Нето обврските по кредити се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Позајмици и обврски за финансиски заем | 69.484 | 86.431 |
| Парични средства и еквиваленти | (5.872) | (27.088) |
| Нето обврски | 63.612 | 59.343 |
| Капитал | 58.626.140 | 58.767.097 |
| | 0% | 0% |

## 3.6. Процена на објективна вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

### 3.6.1. Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во Извештајот за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиски средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (продолжува)

**Финансиски средства евидентирани по објективна вредност (продолжува)**

Со состојба на 31.12.2023 и 2022 година, Друштвото нема средства класифицирано во оваа категорија.

### 3.6.2. Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Разликата помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот за финансиска состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

| | Евидентирана вредност | | Објективна вредност | |
|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** |
| **Средства** | | | | |
| Финансиски побарувања | 275 | 275 | 275 | 275 |
| Побарувања од купувачи, нето | 122.727 | 99.423 | 122.727 | 99.423 |
| Побарувања од вработени | 39.631 | 43.442 | 39.631 | 43.442 |
| Парични средства и еквиваленти | 5.872 | 27.088 | 5.872 | 27.088 |
| **Вкупни средства** | **168.505** | **170.228** | **168.505** | **170.228** |
| **Обврски** | | | | |
| Финансиски обврски | 69.484 | 86.431 | 69.484 | 86.431 |
| Обврски кон добавувачи | 156.699 | 105.449 | 156.699 | 105.449 |
| Обврски кон вработени | 83.959 | 59.248 | 83.959 | 59.248 |
| Останати обврски | 118.732 | 88.308 | 118.732 | 88.308 |
| **Вкупни обврски** | **428.874** | **339.436** | **428.874** | **339.436** |

*Кредити и побарувања*

Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност соодветствува на евидентираната вредност, поради нивната краткорочна доспеаност.

*Останати финансиски средства*

Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат парични средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

*Обврски спрема доверителите и обврски по кредити*

Објективната вредност на обврските кон добавувачите и останатите обврски е приближна на евидентираната вредност. Објективната вреност на позајмените со варијабилна каматна стапка е приближна на евидентираната вредност поради прилагодувањата на каматните стапки и специфични финансиски обврски кон пазарните каматни стапки за слични инструменти.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 2 кон овие финансиски извештаи, од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од нивните извори на евидентирање. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да одстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

*Несигурност во проценките*
*Оштетување кај нефинансиски средства*
Загуби од оштетување се признаваат во износ за кој евидентираната вредност на средството или единицата што генерира готовина го надминува надоместливиот износ. При утврдување на надоместливиот износ, Раководството ги проценува очекуваните цени, готовинските текови од секоја единица што генерира готовина и утврдува соодветна каматна стапка при пресметка на сегашната вредност на тие готовински текови.

*Оштетување кај финансиски средства*
*Оштетување на побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања*
Друштвото пресметува оштетување за побарувања од купувачи, дадени позајмици и останати побарувања врз основа на процена на загуби кои резултираат од неможноста купувачите да ги подмират своите обврски. При процена на соодветноста на загубата поради оштетување за побарувањата од купувачи, дадените позајмици и останатите побарувања, процената се темели врз доспевањето на салдото на сметката за побарувања и минатото искуство на отписи, кредитоспособноста на клиентите и промените во условите за плаќање за клиентите. Ова подразбира правење претпоставки за идните однесувања на клиентите, како и за идните приливи на парични средства. Доколку финансиските услови на клиентите се влошат, реалните отписи на тековно постоечките побарувања може да бидат повисоки од очекуваното, и може да го надминат нивото на загубите поради оштетување кои се досега признати.

*Употребен век на средствата што се амортизираат*
Раководството врши редовна проверка на употребниот век на средствата што се амортизираат на 31 декември 2023 година. Раководството проценува дека утврдениот употребен век на средствата ја претставува очекуваната употребливост (корисност) на средствата. Евидентираните вредности на овие средства се анализирани во Белешка 5 и 6.

*Залихи*
Залихи се евидентираат по пониската помеѓу набавната вредност (цена на чинење) и нето реализационата вредност. При процената на нето реализационата вредност ги зема предвид најобјективните докази / податоци кои се на располагање во периодот кога се правени проценките.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ

**Значајни смеководствени проценки (продолжува)**

*Објективна вредност на финансиски средства*

Доколку пазарот на финансиски инструмент не е активен, Раководството ја утврдува објективната вредност со користење техники за процена. Во примената на техниките за процена, Раководството прави максимално искористување на пазарните инпути, и користи проценки и претпоставки кои се, колку што е можно, во согласност со податоците кои учесниците на пазарот ќе ги користат при определување на цената на инструментот. Во случај каде овие податоците не се видливи, Раководството ги проценува претпоставките на учесниците на пазарот при определување на цената на финансискиот инструмент. Овие проценки можат да се разликуваат од реалните цени кои можат да се постигнат во трансакција извршена под комерцијални услови на датумот на известување.

## 5. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА, НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема, мебел и транспортни сред. | Биолошки средства | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на 01 јануари 2022** | **164.553** | **1.175.199** | **690.076** | **58.709.578** | **41.386** | **60.780.792** |
| Набавки | - | - | 3.696 | 44.875 | 2.823 | **51.394** |
| Активирање на основни средства | - | - | 25.362 | - | (25.362) | **-** |
| Сметководствена корекција | - | - | - | - | - | **-** |
| Отуѓувања | - | (232) | (16.025) | (1.733) | - | **(17.990)** |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **164.553** | **1.174.967** | **703.109** | **58.752.720** | **18.847** | **60.814.196** |
| Набавки | | 5.521 | 9.322 | 48.446 | 12.656 | **75.945** |
| Активирање на основни средства | | | 9.032 | - | (9.032) | **-** |
| Сметководствена корекција | | | | - | - | **-** |
| Отуѓувања | | (475) | (3.807) | - | - | **(4.282)** |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **164.553** | **1.180.013** | **717.656** | **58.801.166** | **22.471** | **60.885.859** |
| | | | | | | |
| **Акумулирана депрецијација** | | | | | | |
| **на 1 јануари 2022** | **-** | **873.578** | **536.009** | **-** | **-** | **1.409.587** |
| Депрецијација | - | 21.937 | 27.620 | - | - | **49.557** |
| Сметководствена корекција | - | 1.524 | (3.257) | - | - | **(1.733)** |
| Намалување на депрецијација (отуѓувања) | - | (2) | (14.304) | - | - | **(14.306)** |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **-** | **897.037** | **546.068** | **-** | **-** | **1.443.105** |
| Депрецијација | | 21.931 | 24.022 | - | - | **45.953** |
| Сметководствена корекција | - | - | 285 | - | - | **285** |
| Намалување на Депрецијација (отуѓувања) | | (451) | (3.807) | - | - | **(4.258)** |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **-** | **918.517** | **566.568** | **-** | **-** | **1.485.085** |
| | | | | | | |
| **Нето сегашна вредност на:** | | | | | | |
| **- 31 декември 2023** | **164.553** | **261.496** | **151.088** | **58.801.166** | **22.471** | **59.400.774** |
| **- 31 декември 2022** | **164.553** | **277.930** | **157.041** | **58.752.720** | **18.847** | **59.371.091** |

*Расходување на недвижности, постројки и опрема*

Во текот на 2023 година Друштвото расходуваше дел од своите недвижности, постројки и опрема со набавна вредност на износ од 4.282 илјади денари (2022: 17.990 илјади денари) и акумулирана депрецијација на износ од 4.258 илјади денари (2022: 14.306 илјади денари).

## 6. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Патенти и лиценци | Софтвер | Останати средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на 01 јануари 2022** | **16.961** | **6.695** | **32.395** | **56.051** |
| Набавки | - | - | - | **-** |
| Пренос | 1.100 | - | - | **1.100** |
| Сметководствена корекција | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **18.061** | **6.695** | **32.395** | **57.151** |
| Набавки | 3.065 | 183 | - | **3.248** |
| Пренос | - | - | - | **-** |
| Сметководствена корекција | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **21.126** | **6.878** | **32.395** | **60.399** |
| **Акумулирана амортизација на 1 јануари 2022** | **14.468** | **5.458** | **29.575** | **49.501** |
| Амортизација | 734 | 419 | 879 | **2.032** |
| Пренос | - | - | - | **-** |
| Сметководствена корекција | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **15.202** | **5.877** | **30.454** | **51.533** |
| Амортизација | 1.813 | 442 | | **2.255** |
| Пренос | - | - | - | **-** |
| Сметководствена корекција | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **17.015** | **6.319** | **30.454** | **53.788** |
| **Нето сегашна вредност на:** | | | | |
| **- 31 декември 2023** | **4.111** | **559** | **1.941** | **6.611** |
| **- 31 декември 2022** | **2.859** | **818** | **1.941** | **5.618** |

## 7. ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДРУЖНИЦИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Вложувања во подружници | 7.394 | 7.394 |
| | **7.394** | **7.394** |

## 8. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ПО КАТЕГОРИИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| **Кредити и побарувања** | | |
| Побарувања од купувачи, нето | 122.727 | 99.423 |
| Парични средства и еквиваленти | 5.872 | 27.088 |
| | **128.599** | **126.511** |
| **Расположливи за продажба** | | |
| Финансиски инструменти расположливи за продажба | - | - |
| | **-** | **-** |
| **Обврски** | | |
| **Финансиски инструменти по ам.наб.вредност** | | |
| Финансиски обврски | 69.484 | 86.431 |
| Обврски за неисплатени бруто плати | 83.959 | 59.248 |
| Обврски кон добавувачи | 156.699 | 105.449 |
| | **310.142** | **251.128** |

## 9. ЗАЛИХА

***Залихи на суровини и материјали***

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 20.780 | 19.074 |
| Залиха на резервни делови | 17.181 | 16.691 |
| Ситен инвентар на залиха | 11.556 | 9.591 |
| Ситен инвентар во употреба | 45.939 | 43.088 |
| Залиха на автогуми | 2.193 | 2.050 |
| Автогуми во употреба | 14.735 | 13.959 |
| Вредносно усогласување на залихи на ситен инвентар, амбалажа и автогуми | (60.365) | (56.797) |
| | **52.019** | **47.656** |

***Залихи на производство во тек, полупроизводи и готови производи***

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Производство (изградба) во тек | 45.232 | 26.762 |
| Производи на залиха | 7.802 | 8.941 |
| Производи во туѓ склад | 49 | 49 |
| | **53.083** | **35.752** |

***Залихи на трговски стоки***

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Стоки на залиха | 1.310 | 1.425 |
| Вкалкулиран данок на додадена вредност | (61) | (61) |
| Разлика во цени на стоките | 1 | - |
| | **1.250** | **1.364** |
| **ВКУПНО ЗАЛИХИ** | **106.352** | **84.772** |

## 10. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Краткорочни кредити и заеми во земјата | 275 | 275 |
| | **275** | **275** |

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| ***Побарувања од купувачи*** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 109.442 | 86.648 |
| Спорни и сомнителни побарувања | 13.285 | 12.775 |
| **Вкупно побарувања од купувачи, нето** | **122.727** | **99.423** |
| ***Останати побарувања*** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата | 1.018 | 996 |
| Останати побарувања од државни органи и институции | 164.275 | 164.275 |
| Побарувања од вработените | 12 | 12 |
| Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 39.619 | 43.430 |
| Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани | 14 | 14 |
| Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 87.983 | 84.295 |
| ***Вкупно останати побарувања*** | **292.921** | **293.022** |
| | **415.648** | **392.445** |

*Старосна структура и квалитет на портфолиото на побарувањата*

Салдото на побарувањата од купувачите на датумот на известување може да се анализира според следниве категории на кредитен ризик:

| | Недоспеани и доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **31.дек.23** | | | |
| Набавна вредност | 122.727 | - | 122.727 |
| Исправка на вредност | - | - | - |
| **Нето евидентирана вредност** | **122.727** | **-** | **122.727** |

| | Недоспеани и доспеани неоштетени | Оштетени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **31.дек.22** | | | |
| Набавна вредност | 99.423 | - | 99.423 |
| Исправка на вредност | - | - | - |
| **Нето евидентирана вредност** | **99.423** | **-** | **99.423** |

## 12. ПОБАРУВАЊА ОД ДАНОК ОД ДОБИВКА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Побарувања за повеќе платен данок | 21.486 | - |
| | **21.486** | **-** |

## 13. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Парични средства на трансакциски сметки во денари | 2.725 | 24.285 |
| Парични средства во благајна | 3.147 | 2.803 |
| | **5.872** | **27.088** |

## 14. КАПИТАЛ

**Акционерски капитал**

На 31 декември 2023 и 2022 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 5.940.384 илјади Денари. Структурата на капиталот на датумите на известување е како што следи:

| | 2023 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|
| | Сопственост | Износ (во 000) МКД | Сопственост | Износ (во 000) МКД |
| Влада на Република Северна Македонија | 100% | 5.940.384 | 100% | 5.940.384 |
| | **100%** | **5.940.384** | **100%** | **5.940.384** |

Не се случиле промени во капиталот во текот на 2023 и 2022 година.

## 15. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Резервирања за трошоци за обновување на природни богатства | 250.187 | 273.170 |
| Долгорочни обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата и странство | 5.654 | 4.240 |
| | **255.841** | **277.410** |

## 16. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици** | | |
| НЛБ Банка АД Скопје, долгорочна позајмица од 06.11.2019 кредитна партија 0041003110867, годишна каматна стапка 3,64%, одобрен износ 80.000.000, датум на доспевање на последна рата 25.04.2024 | 7.787 | 26.064 |
| **Состојба на 31 декември** | **7.787** | **26.064** |

Доспевањето на долгорочните обврски по позајмици е како што следува:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Во рок од една година | 7.787 | 18.333 |
| Во рок од 1 - 2 години | - | 7.731 |
| Од 2 до 5 години | - | - |
| | **7.787** | **26.064** |

## 17. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| **Краткорочни позајмици** | | |
| ХАКБАНК АД, Скопје ,рамковен револвинг кредит | 60.000 | 59.002 |
| Безкаматни позајмици од правни лица | 1.697 | 1.365 |
| **Состојба на 31 декември** | **61.697** | **60.367** |

## 18. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 156.699 | 105.449 |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата | 87.671 | 67.978 |
| Обврски за камати (договорни и казнени) | 542 | 514 |
| Обврски за данокот на додадена вредност | 128.852 | 32.758 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата | 26.581 | 22.489 |
| Обврски за персонален данок на доход | 7.335 | 7.026 |
| Обврски за данок на имот | 165 | 89 |
| Обврски за останати даноци, придонеси и други давачки | 450.845 | 419.028 |
| Обврски за плата и надоместоци на плата | 55.473 | 44.926 |
| Обврски за надоместоци на трошоците на вработените | 20.938 | 13.316 |
| Останати обврски спрема вработените врз основа на колективни договори | 307 | 684 |
| Останати обврски спрема вработените | 7.241 | 322 |
| Обврски за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор на директори и управители | 138 | 182 |
| Обврски врз основа на наем | 9.121 | 2.401 |
| Обврски за краткорочни резервирања на трошоци во гарантен рок | 21.260 | 16.846 |
| Останати краткорочни обврски | - | 387 |
| Однапред пресметани трошоци | 62 | 62 |
| Пресметани трошоци за користење на права | 144 | - |
| Пресметани приходи за идни периоди | - | 347 |
| Останати пасивни временски разграничувања | 19.347 | 3.810 |
| | **992.721** | **738.614** |

## 19. ОБВРСКИ ЗА ДАНОК ОД ДОБИВКА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Обврски за данок на добивка | 20.226 | 19.131 |
| | **20.226** | **19.131** |

## 20. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 1.095.439 | 1.211.529 |
| Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци | 3 | 52 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени добра (производи, стоки) и услуги | 257 | 216 |
| Приходи од наемнини | 432 | 514 |
| | **1.096.131** | **1.212.311** |

## 21. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од вредносно усогласување на останати материјални средства | 48.446 | 23.137 |
| Приходи од вредносно усогласување на краткорочни побарувања | - | 2 |
| Приходи од вредносно усогласување на залихи | 35 | 296 |
| Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства | 83.781 | 54.313 |
| Вишоци | 1.370 | 192 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 1.393 | 11.223 |
| Приходи врз основа на ефекти од договорена заштита од ризик | - | 62 |
| Приходи од премии, субвенции, дотации и донации | 1.486 | 336.808 |
| Приходи од укинување на долгорочни резервирања | 109.324 | 83.199 |
| Останати приходи од работењето | 38.331 | 21.172 |
| | **284.166** | **530.404** |

## 22. НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИ ТРГОВСКИ СТОКИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Набавна вредност на продадени добра (стоки) | 747 | 413 |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови и отпадоци | 43 | 52 |
| | **790** | **465** |

## 23. МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали | 14.674 | 14.532 |
| Трошоци за енергија | 59.973 | 80.800 |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 15.565 | 18.018 |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 3.866 | 2.119 |
| | **94.078** | **115.469** |

## 24. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Плата и надоместоци на плата - бруто | 850.426 | 823.150 |
| Останати трошоци за вработените | 10.596 | 23.124 |
| | **861.022** | **846.274** |

## 25. АМОРТИЗАЦИЈА И ДЕПРЕЦИЈАЦИЈА

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Трошоци за амортизација | 47.101 | 45.746 |
| | **47.101** | **45.746** |

## 26. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 88.649 | 93.528 |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 6.589 | 7.180 |
| Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги | 61.364 | 74.057 |
| Услуги за одржување и заштита | 21.993 | 15.325 |
| Наем - лизинг | 31.237 | 32.807 |
| Комунални услуги | 5.163 | 4.718 |
| Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми | 41 | 15 |
| Останати услуги | 7.788 | 8.164 |
| Долгорочни резервирања за трошоци за обновување на природни богатства | 108.120 | 111.228 |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 55 | 211 |
| Надоместоци на трошоци на вработените и подароци | 32.238 | 34.978 |
| Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор на директори и управители | 1.979 | 2.560 |
| Трошоци за спонзорства и донации | 3.001 | 1.656 |
| Трошоци за репрезентација | 825 | 536 |
| Трошоци за осигурување | 1.577 | 960 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 2.289 | 2.415 |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 54.965 | 34.821 |
| Останати трошоци на работењето | 35.590 | 25.955 |
| Вредносно усогласување на нематеријални средства | - | 3 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 5 | 2 |
| Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нематеријални и материјални средства | 92 | 1.118 |
| Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | 305 | 246 |
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | 1.016 | 621 |
| Расходи за дополнително одобрени попусти, рабат, рекламации и дадени примероци | - | 409 |
| Казни, пенали, надоместоци за штети и друго | 135 | 79 |
| Останати расходи од работењето | 58.173 | 39.525 |
| | **523.189** | **493.117** |

## 27. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

**ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 89 | 14 |
| Останати финансиски приходи | 258 | 584 |
| | **347** | **598** |

**ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва | 7.700 | 178.884 |
| | **7.700** | **178.884** |

## 28. ДАНОК НА ДОБИВКА

Усогласувањето на вкупниот данок на добивка според Извештајот за сеопфатната добивка за 2023 и 2022 е како што следи:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | (137.005) | 50.643 |
| *Усогласување за:* | | |
| Неодбитни трошоци за даночни цели | 3.865 | 170.497 |
| Намалување на даночна основа | - | - |
| **Основа за оданочување** | **(133.140)** | **221.140** |
| Даночна стапка | 10% | 10% |
| **Пресметан даночен трошок** | **(13.314)** | **22.114** |
| Намалување на пресметан данок | - | - |
| **Тековен даночен трошок** | **(13.314)** | **22.114** |
| *Ефективна даночна стапка* | *9,72%* | *43,67%* |

Друштвото нема направено резервирање на одложени даночни средства во овие финансиски извештаи, бидејќи Друштвото не може со разумна сигурност да го одреди нивото на даночното средство кое би се искористило во иднина.

## 29. ПОТЕНЦИЈАЛНИ И ПРЕЗЕМЕНИ ОБВРСКИ

*Судски спорови*

Со состојба на 31 декември 2023 покренати судски постапки против Друштвото во вредност од 20.067 илјади денари, а друштвото се јавува како тужител во судски постапки во вредност од 7.143 илјади денари. Во согласност со тоа, не се предвидени резерви за потенцијални загуби на датумот на финансискиот извештај. Разни правни дејствија и побарувања може да се појават во иднина против Друштвото од правните спорови и побарувања кои може да се јават во текот на редовното деловно работење. Поврзаните ризици се анализирани од веројатноста за нивна појава. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, раководството на Друштвото верува дека нема да резултираат во материјално значајни обврски.

**27. ПОТЕНЦИЈАЛНИ И ПРЕЗЕМЕНИ ОБВРСКИ (продолжува)**

*Даночен ризик*

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Друштвото подлежи на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценките на Раководството на Друштвото и на датумот на овие извештаи не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат потенцијални материјално значајни обврски по овој основ.

*Капитални обврски*

Не се евидентирани капитални обврски на денот на известување кои не се веќе признати во финансиски извештаи.

*Хипотеки*

Друштвото заклучно 31 декември 2023 нема залог на својот имот за обезбедување на одобрените кредити. (2022 - нема залог на својот имот за обезбедување на одобрените кредити).

## 30. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Со состојба 31 декември 2023 година, Јавното Претпријатие Национални шуми не евидентира трансакции со поврзани субјекти.

| | **Побарувања** | **Обврски** | **Приходи** | **Расходи** |
|---|---|---|---|---|
| **2023** | | | | |
| Клучен раководен кадар | - | - | - | 2.809 |
| **Вкупно** | **-** | **-** | **-** | **2.809** |
| **2022** | | | | |
| Клучен раководен кадар | **-** | **-** | **-** | 2.303 |
| **Вкупно** | - | - | - | **2.303** |

## 31. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

По 31 декември 2023 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, следниве настани се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи:

На 05 јули 2024 година, со одлука бр. 02-330/4 од Управниот одбор е именуван нов вршител на должност – Директор на ЈП Национални Шуми- Скопје.

| Име и презиме | Позиција |
|---|---|
| Г-дин Здравко Трајанов | Вршител на должност-Директор |

# Прилози

# Прилог 1 - Годишна сметка со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2023

ЕМБС: 05204160
Целосно име: Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.-Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози
Финансиски извештаи

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031) | 59.414.778.884,00 | | | 59.384.102.980,00 |
| 2 | - - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008) | 6.610.713,00 | | | 5.618.378,00 |
| 3 | - - Издатоци за развој | 1.420.812,00 | | | 1.972.755,00 |
| 4 | - - Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права | 5.189.901,00 | | | 3.645.623,00 |
| 9 | - - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019) | 59.400.774.269,00 | | | 59.371.090.700,00 |
| 10 | - - Недвижности (011+012) | 426.049.512,00 | | | 442.483.404,00 |
| 11 | - - Земјиште | 164.553.070,00 | | | 164.553.070,00 |
| 12 | - - Градежни објекти | 261.496.442,00 | | | 277.930.334,00 |
| 13 | - - Постројки и опрема | 33.585.484,00 | | | 29.827.626,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **14** | - - Транспортни средства | 115.780.934,00 | | | 126.207.781,00 |
| **15** | - - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 1.240.935,00 | | | 520.064,00 |
| **16** | - - Биолошки средства | 58.801.166.111,00 | | | 58.752.720.093,00 |
| **18** | - - Материјални средства во подготовка | 22.471.385,00 | | | 18.847.224,00 |
| **19** | - - Останати материјални средства | 479.908,00 | | | 484.508,00 |
| **21** | - - IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030) | 7.393.902,00 | | | 7.393.902,00 |
| **23** | - - Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања | 7.393.902,00 | | | 7.393.902,00 |
| **36** | - - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059) | 461.633.799,00 | | | 420.270.440,00 |
| **37** | - - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043) | 106.351.853,00 | | | 84.772.314,00 |
| **38** | - - Залихи на суровини и материјали | 20.779.578,00 | | | 19.074.258,00 |
| **39** | - - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 31.239.632,00 | | | 28.583.020,00 |
| **40** | - - Залихи на недовршени производи и полупроизводи | 45.231.691,00 | | | 26.760.734,00 |
| **41** | - - Залихи на готови производи | 7.850.910,00 | | | 8.989.732,00 |
| **42** | - - Залихи на трговски стоки | 1.250.042,00 | | | 1.364.570,00 |
| **45** | - - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051) | 349.135.365,00 | | | 308.135.044,00 |
| **47** | - - Побарувања од купувачи | 123.744.486,00 | | | 99.423.368,00 |
| **48** | - - Побарувања за дадени аванси на добавувачи | | | | 995.526,00 |
| **49** | - - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 185.760.447,00 | | | 164.274.811,00 |
| **50** | - - Побарувања од вработените | 39.630.432,00 | | | 43.441.339,00 |
| **52** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058) | 274.597,00 | | | 274.597,00 |
| **57** | - - Побарувања по дадени заеми | 274.597,00 | | | 274.597,00 |
| **59** | - - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061) | 5.871.984,00 | | | 27.088.485,00 |
| **60** | - - Парични средства | 5.871.984,00 | | | 27.088.485,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **62** | - - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 87.998.194,00 | | | 84.309.721,00 |
| **63** | - - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062) | 59.964.410.877,00 | | | 59.888.683.141,00 |
| **65** | - - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078) | 58.626.139.250,00 | | | 58.767.098.023,00 |
| **66** | - - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 5.940.384.104,00 | | | 5.940.384.104,00 |
| **70** | - - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 53.245.315.525,00 | | | 53.245.315.525,00 |
| **76** | - - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 422.555.023,00 | | | 447.130.944,00 |
| **77** | - - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | | | | 28.529.338,00 |
| **78** | - - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 137.005.356,00 | | | |
| **81** | - - Б. ОБВРСКИ (082+085+095) | 1.318.718.243,00 | | | 1.117.365.489,00 |
| **82** | - - I. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083+084) | 250.186.694,00 | | | 273.169.253,00 |
| **84** | - - Останати долгорочни резервирања за ризици и трошоци | 250.186.694,00 | | | 273.169.253,00 |
| **85** | - - II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093) | 13.441.132,00 | | | 30.304.081,00 |
| **88** | - - Обврски за аванси, депозити и кауции | 5.654.530,00 | | | 4.240.312,00 |
| **90** | - - Обврски по заеми и кредити | 7.786.602,00 | | | 26.063.769,00 |
| **95** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108) | 1.055.090.417,00 | | | 813.892.155,00 |
| **97** | - - Обврски спрема добавувачи | 157.241.579,00 | | | 105.962.446,00 |
| **98** | - - Обврски за аванси, депозити и кауции | 87.671.091,00 | | | 67.977.824,00 |
| **99** | - - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати | 26.581.084,00 | | | 22.489.082,00 |
| **100** | - - Обврски кон вработените | 83.958.453,00 | | | 59.248.104,00 |
| **101** | - - Тековни даночни обврски | 156.577.683,00 | | | 59.003.409,00 |
| **104** | - - Обврски по заеми и кредити | 61.696.863,00 | | | 60.367.168,00 |
| **108** | - - Останати краткорочни обврски | 481.363.664,00 | | | 438.844.122,00 |
| **109** | - - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР) | 19.553.384,00 | | | 4.219.629,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **111** | - - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110) | 59.964.410.877,00 | | | 59.888.683.141,00 |

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **201** | - - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206) | 1.380.297.145,00 | | | 1.742.715.228,00 |
| **202** | - - Приходи од продажба | 1.095.874.023,00 | | | 1.212.094.759,00 |
| **203** | - - Останати приходи | 284.165.966,00 | | | 530.404.468,00 |
| **204** | - - Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината | 35.744.116,00 | | | 48.314.484,00 |
| **205** | - - Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината | 51.975.376,00 | | | 35.599.015,00 |
| **206** | - - Капитализирано сопствено производство и услуги | 257.156,00 | | | 216.001,00 |
| **207** | - - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222) | 1.526.180.553,00 | | | 1.501.069.838,00 |
| **208** | - - Трошоци за суровини и други материјали | 94.077.641,00 | | | 115.468.725,00 |
| **209** | - - Набавна вредност на продадените стоки | 746.999,00 | | | 412.714,00 |
| **210** | - - Набавна вредност на продадените материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 42.850,00 | | | 51.974,00 |
| **211** | - - Услуги со карактер на материјални трошоци | 222.822.689,00 | | | 235.791.123,00 |
| **212** | - - Останати трошоци од работењето | 98.650.169,00 | | | 68.904.107,00 |
| **213** | - - Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 901.667.046,00 | | | 881.463.254,00 |
| **214** | - - Плати и надоместоци на плата (нето) | 567.978.803,00 | | | 550.886.915,00 |
| **215** | - - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 42.115.862,00 | | | 39.792.198,00 |
| **216** | - - Придонеси од задолжително социјално осигурување | 240.331.695,00 | | | 232.471.066,00 |
| **217** | - - Останати трошоци за вработените | 51.240.686,00 | | | 58.313.075,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **218** | - - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 47.101.494,00 | | | 45.745.703,00 |
| **219** | - - Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | 123,00 | | | 3.392,00 |
| **220** | - - Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства | 4.598,00 | | | 2.264,00 |
| **221** | - - Резервирања за трошоци и ризици | 108.120.142,00 | | | 111.227.750,00 |
| **222** | - - Останати расходи од работењето | 52.946.802,00 | | | 41.998.832,00 |
| **223** | - - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233) | 346.912,00 | | | 597.523,00 |
| **229** | - - Приходи од вложувања во неповрзани друштва | | | | 10,00 |
| **230** | - - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 89.244,00 | | | 13.502,00 |
| **233** | - - Останати финансиски приходи | 257.668,00 | | | 584.011,00 |
| **234** | - - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243) | 7.700.120,00 | | | 178.884.026,00 |
| **239** | - - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 7.700.120,00 | | | 178.884.026,00 |
| **246** | - - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245) | | | | 50.643.418,00 |
| **247** | - - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244) | 137.005.356,00 | | | |
| **250** | - - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249) | | | | 50.643.418,00 |
| **251** | - - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 137.005.356,00 | | | |
| **252** | - - Данок на добивка | | | | 22.114.080,00 |
| **255** | - - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254) | | | | 28.529.338,00 |
| **256** | - - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254) | 137.005.356,00 | | | |
Извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 67.612,27 м3 и тоа е 48% од планираната динамика за превоз, односно превезени се 2,40 м3 техничко дрво со сопствени камиони и 67.609,87 м3 огревно дрво или тоа е 48% од планираната количина за превоз на огревно дрво. (стр.9)

Фазата превоз досега главно се извршува со надворешни превозници врз основа на склучени договори за превоз по пат на јавни повици. Во 2023 год. сопствениот превоз учествуваше со 32,13% во вкупно превезената дрвна маса, а останатата дрвна маса е превезена со надворешни извршители. (стр.10)

Во изминатите години јавното претпријатие се соочува со мала понуда за фазата превоз на дрвни сортименти од страна на економските оператори. Од тие причини преземени се значајни инвестициони активности во насока на обнова на застарениот возен парк. За таа цел претпријатието во 2019 год. набави шест (6) товарни возила– камиони со надградба за превоз на шумски сортименти - шумарска изведба, кои се распоредени по подружници.

Продадена е вкупна дрвна маса од 415.601,21 м3 од што 97.160,10 м3 или 23,37% се техничко дрво, а 306.456,68 м3 или 73,73% се огревно дрво и 11.984,43 м3 или 2,90% е отпад собран после сеча.(стр.14,15)

***Начин на продажба на дрвните сортименти***

Дрвните сортименти се продаваат со: рамковен договор за деловна соработка со годишни договори, годишен договор без рамковен договор и продажба на благајна – малопродажба.

Јавното претпријатие "Национални шуми" – Скопје во месец декември 2022 год. објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2023 година на веб страната на ЈП. Врз основа на кој е реализирана продажба на дрвни сортименти за период од 01-12 месец 2023 год. во вкупна количина од 415.601$м^3$ дрвна маса, од кои 97.160$м^3$ техничко дрво, 306.457$м^3$ огревно дрво и 11.984$м^3$ отпад после сеча.

- Продажба на дрвни сортименти (техничко дрво, огревно дрво и биомаса) на правни субјекти со склучување на рамковен договор за деловна соработка со годишни договори со поднесување на апликација, рокот за склучување на рамковни договори беше од 16-31 декември според условите објавени во повикот. Продажба на техничко дрво на правни субјекти врз основа на рамковен договор се поднесува апликација - барање за склучување на годишен договор до 31 декември во тековната за наредната година и рок на склучување годишен купопродажен договор врз основа на рамковен договор е до 15.01.2023 год. Продажба на техничко дрво на правни субјекти со годишен договор (без рамковен договор) со поднесување на барање - апликација најдоцна до 31.12.2022 год. и рок на склучување на годишен договор од 15.01.2023 год. до исполнување на планираните количини на техничко дрво;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти кои имаат решение за вршење на промет на дрво и дрвни сортименти (склад), односно кои имаат регистрирано склад за промет на дрво и дрвни сортименти со годишен договор (без рамковен договор) со поднесување на барање (апликација) до 31.12.2022 год. со рок на склучување на годишни договори од 01.01.2023 год.(во дирекцијата на ЈП) до исполнување на слободните планирани количини на огревно дрво;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти (здружени физички лица-членови преку здружение на пензионери, инвалиди на трудот, други здруженија и синдикати на правни лица или правни субјекти кои огревното дрво го користат во процес на производство и затоплување) кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2023 година, својот интерес да го достават во вид на барање (апликација) најдоцна до 31.12.2022 год. во подружниците на ЈП, а рокот за склучување на договори беше од 01.01.-10.02.2023 год., со испорака исклучиво од склад на подружница, а согласно висината на уплатените средства, до исполнување на предвидените количини во договорот;
- Продажба на огревно дрво за физички лица според условите во јавниот повик и тоа:

-продажба на огревно дрво за физички лица: може да се врши најмногу на 6 рати, за што одлука носи Директорот на ЈП, по претходно барање од страна на ПШС. Право на склучување на договорите ќе имаат подружниците во кои се целосно подмирени обврските од изминатите години согласно договорите за физички лица и обврските од сите физички лица кои купиле огревно дрво за домаќинството.

-за социјално ранливи категории на граѓани (социјални случаи, лицата со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители и стечајни работници) и семејствата на бранителите, на вработени кои останале инвалиди на трудот и на

вработени кои загинале при работа, кои ќе купат огревно дрво во готово им следува попуст од 10%;

-за социјално ранливи категории на граѓани (социјални случаи, лицата со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители и стечајни работници) и семејствата на бранителите можат да купуваат огревно дрво на 8 и повеќе рати без попуст.

Рокот за поднесување на апликација и склучување на договор беше од 16.12.2022 год. (во подружниците на ЈП) до исполнување на слободните планирани количини на огревно дрво во ПШС или до 31.03.2023 год.

Врз основа на јавните повици за интерес во текот на периодот од 01-12 месец 2023 година и врз основа на склучените Рамковни договори за деловно-техничка и комерцијална соработка за период од 5 години, со 14 правни субјекти се склучија годишни купопродажни договори за техничко дрво, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квалитетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.

Вкупно договорени количини за испорака на техничко дрво по годишни договори врз основа на рамковни договори е 44.616м$^3$, а во периодот од 01-12 месец 2023 година се реализирани 37.796м$^3$.

Продажба на техничко дрво по основ на годишни договори и задолженија за испорака на техничко дрво по авансна уплата реализирана е вкупна количина од 26.470м$^3$.

На пенушка, покрај пенушка соборено и покрај пенушка изработено продадени се вкупно 32.894 м$^3$ техничко дрво.

Продажбата на огревно дрво за периодот од 01-12 месец 2023 година реализирани се 306.457 м$^3$ огревно дрво, од кои на шумски склад и на склад подружница реализирани се 187.222м$^3$, а од продажба на пенушка, покрај пенушка соборено и покрај пенушка изработено вкупно во количина од 119.235м$^3$.

Споредбените податоци за вкупна остварена продажба на дрвни сортименти со минатата година покажуваат дека таа е **намалена** во апсолутен износ за 96.261,75 м3. Индексот на остварена продажба на техничко дрво е 0,93, или во апсолутен износ продажбата на техничко дрво е намалена за 6.953,48 м3, а за огревното дрво е 0,79, или во апсолутен износ продажбата на огревно дрво е намалена за 82.566,67 м3, а за огревното дрво заедно со отпад после сеча е 0,78 или во апсолутен износ продажбата на огревното дрво заедно со отпад после сеча е намалена за 89.308,27 м3. (стр.15)

Вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на ЈП "Национални шуми" на 31.12.2023 год. според Пописниот елаборат - Извештај бр.02-115/1 од 15.02.2024 год. за извршен редовен годишен попис на средства и изворите на средства со состојба 31.12.2023 год. во ЈП „Национални шуми“ — Скопје, кој е усвоен од страна на Управниот одбор на ЈП со Одлука бр.02-119/2 од 19.02.2024 година, изнесува

33.339,93 м3. Според сортиментната структура, на техничко дрво отпаѓаат 8.276,82 м3 од кои поголем дел е на шумскокамионски пат и во шума, а на огревно дрво отпаѓаат 25.063,12м3. Вкупната вредност на залихата на дрвни сортименти по планските цени (состојба со 31.12.2023 год.) според Пописниот елаборат, кој е усвоен од страна на Управниот одбор изнесува 47.194.993,60 денари.(стр.16)

За реализирање на планските задачи во одделните фази на производство учеството на сопствените работници во 2023 година изнесува 42,45% во сеча, 34,04% во дотур и 32,13% во превоз. (стр.3,7,10) Тоа значи дека поголем дел од планираната количина во производниот процес се реализираше со ангажирање на надворешни извршители.

На остварувањето на планираната динамика од 55% во фазите сеча, дотур и превоз во 2023 год., (стр.12) освен сезонскиот карактер на работење во шумарството имаат влијание и други причини од објективен карактер, како што се недоволната отвореност на шумите, како и оддалеченоста на шумските комплекси. Понатаму, лошата патна инфраструктура која овозможува пристап претежно во летните месеци, поради сезонската работа и во зависност од временските услови има прекин во работата. Со оглед на тоа што ЈП„Национални шуми“ располага со стара и дотраена механизација, чија просечна старост е над 20 години многу јасна е потребата од набавка на нова механизација за подобрување на квалитетот на производството и одвивање на производниот процес и во зимски услови, пред се во фазата дотур на техничка дрвна маса. Од тие причини во изминатите години за прв пат по подолго време, преземени се значајни инвестициони активности во насока на обнова на застарениот возен парк и механизација. Отворањето на шумите со патишта е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. За таа цел ЈП во период од 2012-2016 год. набави 15 нови градежни машини — булдожери и тоа: во 2012 год. извршена е набавка на три (3) нови градежни машини, во 2013 год. - три (3), во 2015 год. — три (3) и во 2016 год. — шест (6), со цел намалување на трошоците, а со самото тоа и намалување на цената на чинење по км.

Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со шумите. Во изминатата година отварањето како и прочистувањето на патната мрежа се извршуваше со ангажирање на сопствената механизација по подружници и со други услуги. Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со општиот план и посебните планови. Отвореноста на шумите во просек изнесува 10,50 м/ха. Од вкупно 10.497,85 км патишта кои се оспособени за камионски сообраќај, на тврди патишта отпаѓаат 1.036,88 км или 9,88%, а на меки 9.460,97 км или 90,12%. Овој податок укажува дека просечната отвореност на шумите во ЈП“Национални шуми” е недоволна и отворањето на шумите треба да овозможи рационално користење на сите добра, со цел да се подобрат производните можности на шумата. Со соодветни шумски комуникации ќе се овозможи поефтин и побрз превоз, зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници, подобрување на

превозот на работниците, како и отворање на шумите за користење на други шумски производи.

Во текот на деловната 2023 година се продолжи со имплементацијата на електронскиот систем за надзор и контрола на движењето на дрвната маса согласно член 69-а од Законот за шуми, од ознака за сеча: фаза сеча, фаза дотур, фаза превоз од шума до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми; од склад на Јавното претпријатие до складот на правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти; од склад на Јавното претпријатие и правните лица регистрирани за промет на дрво до крајниот купувач; како и од шума или склад на ЈП и правните лица за промет на дрво и дрвни сортименти до пилана. Електронскиот систем за следење на дрвната маса согласно член 69-а од Законот за шуми се воспостави и се води во Јавното претпријатие Национални шуми. Вработените задолжени со уредите за следење на дрвната маса, софтверот за план и анализа, софтверот за сметководство се должни да продолжат секојдневно да ги следат и усогласуваат податоците од електронскиот систем за следење на дрвната маса.

Со зголемување на производството и прилагодување на цената на дрвото и дрвните сортименти ќе можеме да бидеме конкурентни на пазарот на енергенси.

## *Реализирани активности од Инвестиционата програма во 2023 год.*

Во извештајниот период, согласно Годишната Инвестициона програма на ЈП за 2023 год.(Бр.02-930/1 од 28.12.2022 год., Изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма Бр.02-39/5 од 01.09.2023 год. и Бр.02-39/6 од 07.11.2023 год.), реализирани се следните набавки од сопствени средства:

- Набавка на Серверска опрема согласно точка 4, од Дел IV – Набавка на информатичка опрема од Годишната Инвестициона програма за 2023 год. на ЈП, по склучен Договор бр.03-14/183 од 07.06.2023 год., во вредност од 3.999.600,00 ден. без ДДВ. Планираните средства за оваа набавка во Годишната Инвестициона програма за 2023 год. на ЈП се во износ од 4.000.000,00 ден;
- Спроведена е делива поедноставена отворена постапка по оглас бр.09200/2023 за предмет на договор за јавна набавка на Инсталација на електрична енергија—Уредување согласно точка 4 потточка б)Реконструкција на спрат од управна зграда - Уредување од Дел II - Изградба - реконструкција на градежни објекти од Годишната Инвестициона програма за 2023 год. на ЈП. По спроведената постапка за гоенаведениот предмет на договор за јавна набавка и оглас за Дел 1 - Инсталација на електрична енергија со пропратни елементи е донесена одлука за избор на најповолна понуда и склучен е Договор бр.03-14/213 од 14.07.2023год., а за дел 2 – Технички надзор донесена е Одлука за поништување на дел од

поедноставената отворена постапка по оглас бр.09200/2023 согласно член 114, став 1, алинеа 5 од Законот за јавни набавки;

- По спроведена отворена постапка по оглас бр. 10542/2023 за набавка на основни средства: градежни машини-булдожери според Инвестициона програма за 2023 год., донесена е Одлука за поништување на предметната постапка согласно ЗЈН, бидејќи не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда;
- По спроведена отворена постапка по оглас бр.15599/2023 за набавка на Теренски возила со погон на сите оски (4x4) за потребите на Подружниците, донесена е одлука за избор на најповолна понуда врз основа на која на 16.11.2023 год. склучен е Договор бр.03-14/333 за јавна набавка на стоки - Теренски возила со погон на сите оски (4x4) за Подружници;
- По спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.19956/2023 донесена е одлука за избор на најповолна понуда за набавка на Печатари и Фотокопири;
- По спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.18787/2023 и поедноставена отворена постапка по оглас бр.20705/2023 за набавка на Компјутери и компјутерска опрема според Инвестициона програма за 2023 год., донесени се Одлуки за поништување на предметната постапка по наведените огласи согласно ЗЈН;
- По спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.19933/2023 за набавка на Парен котел и реконструкција на систем за парно греење - Берово, по донесена одлука за избор на најповолна понуда склучен е Договор бр.03-14/347 од 20.12.2023 год. за Дел 1 - парен котел и реконструкција на систем за парно греење во Берово и Договор бр.03-14/348 од 20.12.2023 год. за дел 2 - технички надзор;
- По спроведена набавка од мала вредност по оглас бр.21251/2023 за Топловоден котел на цврсто гориво со вградување во постоечкиот систем за греење во ПШС Осогово - Крива Паланка, склучен е договор бр.03-14/354 од 27.12.2023 год;
- Постапка по оглас бр. 23737/2023 за набавка на агрегат (разладен систем) за комора за брзо замрзнување според Инвестициона програма, започната е во 2023 год., и е сеуште е во фаза на реализација, односно истата е објавена на 28.12.2023 год;
- Постапка по оглас бр.23073/2023 за набавка на моторни пили според Инвестициона програма, започната е во 2023 год., и сеуште е во фаза на реализација, односно истата е објавена на 21.12.2023 год.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА ВО 2023 год.

Табела 7

**1. Со сопствена механизација**

| Вид на шумскокамионски пат | Вкупно планирано за изградба во 2023 год. - км - | Вкупно изградено во 2023 год. - км - | Категорија на земјиште | Вкупни трошоци за минирање во денари | Средна цена на чинење за 1 км - денари - | Вкупни трошоци - денари - | Тип на механизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=7/3 | 7 | 8 |
| ТВРДИ ПАТИШТА | 0,00 | | | | | | |
| МЕКИ ПАТИШТА | 196,73 | 123,30 | | | 279.447 | 34.454.475 | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 220,80 | 249,40 | | | 40.700 | 10.150.575 | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 1.156,32 | 1.412,39 | | | 15.685 | 22.153.816 | |
| ВКУПНО : | 1.573,85 | 1.785,09 | | | | 66.758.866 | |

**2. Со други услуги**

| Вид на шумскокамионски пат | Вкупно планирано за изградба во 2023 год. - км - | Вкупно изградено во 2023 год. - км - | Категорија на земјиште | Потребен број на работни часови по 1 км. | Цена на чинење на 1 работен час - денари- | Вкупни трошоци за минирање - денари - | Средна цена на чинење за 1 км - денари - | Вкупни трошоци - денари - | Тип на механизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=9/3 | 9 | 10 |
| ТВРДИ ПАТИШТА | 0,00 | | | | | | | | |
| МЕКИ ПАТИШТА | 66,28 | 16,17 | | | | | 252.950 | 4.090.195 | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 50,10 | 32,90 | | | | | 55.103 | 1.812.891 | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 136,95 | 73,45 | | | | | 23.449 | 1.722.311 | |
| ВКУПНО : | 253,33 | 122,52 | | | | | | 7.625.397 | |

*СЕ ВКУПНО 1+2*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно изградено меки патишта во 2023 год. | km. | 139,47 | денари : | 38.544.670 |
| Вкупно реконструкција на патишта во 2023 год. | km. | 282,30 | денари : | 11.963.466 |
| Вкупно прочистување на патишта во 2023 год. | km. | 1.485,84 | денари : | 23.876.127 |
| * Се вкупно : | km. | 1.907,61 | денари : | 74.384.263 |

Извор на податоци:
Сектор за управување со шумско земјиште, шумска инфраструктура и механизација

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА (СПОРЕДБА 2023/ 2022 год.)

### 1. СО СОПСТВЕНА МЕХАНИЗАЦИЈА

Табела 7а

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2022 год. | | | 2023 год. | | | И Н Д Е К С 2023/2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2022 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2023 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 143,72 | 278.554 | 40.033.714 | 123,30 | 279.447 | 34.454.475 | 0,86 | 1,00 | 0,86 |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 271,10 | 41.381 | 11.218.513 | 249,40 | 40.700 | 10.150.575 | 0,92 | 0,98 | 0,90 |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 1.821,92 | 16.465 | 29.998.740 | 1.412,39 | 15.685 | 22.153.816 | 0,78 | 0,95 | 0,74 |
| В К У П Н О : | 2.236,74 | | 81.250.967 | 1.785,09 | | 66.758.866 | 0,80 | | 0,82 |

### 2. СО ДРУГИ УСЛУГИ

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2022 год. | | | 2023 год. | | | И Н Д Е К С 2023/2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2022 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2023 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | | | | 16,17 | 252.950 | 4.090.195 | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | | | | 32,90 | 55.103 | 1.812.891 | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | | | | 73,45 | 23.449 | 1.722.311 | #DIV/0! | #DIV/0! | #DIV/0! |
| В К У П Н О : | 0,00 | | 0 | 122,52 | | 7.625.397 | #DIV/0! | | #DIV/0! |

## 2.2. Коментар

Шумски патишта се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите. Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со шумите. Остварувањето на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта во 2023 год. може да се смета за задоволително. Имено, изградени се вкупно 139,47 км меки патишта, што претставува 53,03% од годишниот план, додека со извршеното прочистување на постоечката патна мрежа од 1.485,84 км, годишниот план е натфрлен за 14,89%. Натфрлањето на планираното прочистување на постоечката патна мрежа зависи од временските услови (обилни и поројни дождови) кои доведуваат да се интервенира повеќе пати во годината во ист правец. Прочистувањето на веќе постоечката патна мрежа зависи и од отвореноста на ШСЕ, а за потребите на планираната динамика за превоз на дрвни сортименти. Исто така секоја ШСЕ се отвора по потреба во зависност од Годишниот план на подружницата, а во согласност со десет годишната важност на истата. За реализација на остварените плански задачи за изградба на патишта, реконструкција и прочистување на постоечката патна мрежа во 2023 год. потрошени се вкупно 74.384.263,00 ден. со сопствена механизација и со други услуги.(стр.24)

Од споредбените податоци за изградба, реконструкција и прочистување на патишта со сопствена механизација може да се констатира дека индексот на вкупно изградени патишта и прочистување на постоечката патна мрежа е 0,80, а индексот на вкупни трошоци е 0,82 во однос на 2022 год. Индексот пак, на средната цена на чинење изнесува 1,00 за изградба на меки патишта, 0,98 за реконструкција и 0,95 за прочистување, што значи дека средната цена на чинење со сопствена механизација е на минатогодишното ниво за изградба на меки патишта, намалена за 2% за реконструкција и намалена 5% за прочистување на постоечката патна мрежа.(стр.25) Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со општиот план и посебните планови. Отвореноста на шумите во просек изнесува 10,50 м/ха. Од вкупно 10.497,85 км патишта кои се оспособени за камионски сообраќај, на тврди патишта отпаѓаат 1.036,88 км или 9,88%, а на меки 9.460,97 км или 90,12%. Координација во планирањето, изградбата, одржувањето на патиштата во функција за стопанисување со шумите, како и стручен надзор за извршените работи, врши

субјектот кој стопанисува со шумите. Корисниците на шуми се должни да ги одржуваат шумските патишта и да водат евиденција за нив. Проширување и подобрување на патната инфраструктура е од исклучителна важност за непречено извршување на основната дејност во шумарството. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна долготрајна обврска на ЈП „Национални шуми„ и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производствени задачи. За таа цел, ЈП „Национални шуми„ во изминатиов период (2012-2016год.) набави 15 нови градежни машини при што дојде до намалување на трошоците а со самото тоа и намалување на цената на чинење по единица км.

Со соодветни шумски комуникации ќе се овозможи:

- поефтин и побрз превоз;
- континуиран и сигурен превоз;
- зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници;
- отворање на шумите за користење на други шумски производи;
- подобрување на превозот на работниците.

Со што покрај подобрување на условите за подобро стопанисување со државните шуми, ќе се создаде и можност за развој на руралните средини, односно поврзување на населените места и побрз превоз на стоки и материјали, како и користење на шумите за рекреација, лов и планински туризам.

Тоа позитивно ќе влијае и врз целокупниот стопански развој на државата.

## 3. ПЛАНИРАНА И ИЗВРШЕНА СЕЧА ВО ПРИВАТНИ ШУМИ И МЕЃИ ВО 2023 год.

Табела 8

| Ред.број | ПОДРУЖНИЦА | ОЗНАКА НА ДРВО ВО ШУМА — ТЕХНИЧКО ДРВО - $m^3$ — ПЛАНИР. 2023 год. | одобрена дрвна маса 01-12м 2023 | реализирана дрвна маса 01-12м 2023 | % | ОГРЕВНО ДРВО - $m^3$ — ПЛАНИР. 2023 год. | одобрена дрвна маса 01-12м 2023 | реализирана дрвна маса 01-12м 2023 | % | Уплатени средства во ден. | ОЗНАКА НА ДРВО ОД МЕЃИ 01-12м 2023г. - $m^3$ - ТЕХНИЧКО одобрено | ТЕХНИЧКО реал. | ОГРЕВНО одобрено | ОГРЕВНО реал. | Уплатени средства во ден. | Вкупно уплатени средства - ден.- |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15=9+14 |
| 1 | "Малешево"- Берово | 2.490,00 | 6.592,71 | 4.927,73 | 198 | 15.600,00 | 19.772,31 | 18.910,63 | 121 | 7.103.899,00 | 369,85 | 279,13 | 309,86 | 506,20 | 129.888,00 | 7.233.787,00 |
| 2 | "Равна Река" - Пехчево | 10.530,00 | 3.540,50 | 3.441,50 | 33 | 5.220,00 | 844,00 | 813,10 | 16 | 1.267.448,00 | 1.481,00 | 1.436,10 | 412,00 | 388,80 | 301.319,00 | 1.568.767,00 |
| 3 | "Осогово" - Крива Паланка | 1.500,00 | 49,00 | 19,80 | 1 | 11.358,00 | 11.716,96 | 8.018,33 | 71 | 3.506.257,00 | 265,79 | 102,26 | 5.313,31 | 3.880,60 | 921.656,00 | 4.427.913,00 |
| 4 | "Кратово" - Кратово | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 5.500,00 | 5.632,20 | 4.381,00 | 80 | 1.699.189,00 | 2,00 | 15,90 | 1.597,85 | 1.398,55 | 274.996,00 | 1.974.185,00 |
| 5 | "Осогово" - Кочани | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 3.900,00 | 2.384,60 | 2.484,50 | 64 | 530.767,00 | 313,40 | 567,60 | 2.072,10 | 1.556,42 | 227.006,00 | 757.773,00 |
| 6 | "Серта" - Штип | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 683,50 | 1.084,40 | 1.204,20 | 176 | 323.151,00 | 0,00 | 0,00 | 428,20 | 0,00 | 128.603,00 | 451.754,00 |
| 7 | "Плачковица" - Радовиш | 300,00 | 0,00 | 0,00 | | 10.000,00 | 13.345,74 | 13.108,68 | 131 | 4.035.141,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 4.035.141,00 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | 0,00 | 26,00 | 314,00 | | 6.300,00 | 6.215,00 | 5.963,00 | 95 | 1.861.586,00 | 545,00 | 426,50 | 1.045,00 | 676,00 | 262.993,00 | 2.124.579,00 |
| 9 | "Беласица" - Струмица | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.500,00 | 245,00 | 245,00 | 16 | 73.010,00 | 15,00 | 15,00 | 530,00 | 530,00 | 89.925,00 | 162.935,00 |
| 10 | "Саланџак" - Валандово | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11,20 | 11,20 | 5.155,00 | 5.155,00 |
| 11 | "Кожуф" - Гевгелија | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 12 | "Демир Капија" - Д.Капија | 0,00 | 209,11 | 199,67 | | 500,00 | 771,00 | 723,90 | 145 | 290.581,00 | 71,86 | 67,83 | 581,06 | 482,30 | 116.861,00 | 407.442,00 |
| 13 | "Бор" - Кавадарци | 430,00 | 35,00 | 24,44 | 6 | 2.150,00 | 1.099,75 | 1.083,59 | 50 | 287.256,00 | 0,00 | 0,00 | 307,30 | 219,00 | 25.845,00 | 313.101,00 |
| 14 | "Црн Бор" - Прилеп | 454,00 | 0,00 | 0,00 | | 2.236,00 | 421,37 | 334,35 | 15 | 120.601,00 | 221,24 | 133,99 | 1.289,04 | 1.000,18 | 241.180,00 | 361.781,00 |
| 15 | "Бабуна" - Велес | 200,00 | 542,58 | 290,57 | 145 | 9.672,00 | 4.021,20 | 3.716,40 | 38 | 1.250.166,00 | 104,40 | 115,50 | 407,75 | 390,68 | 87.127,00 | 1.337.293,00 |
| 16 | "Шумарство" - Св.Николе | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.500,00 | 1.991,00 | 1.957,00 | 130 | 593.297,00 | 0,00 | 0,00 | 676,00 | 681,50 | 111.910,00 | 705.207,00 |
| 17 | "Кајмакчалан" - Битола | 0,00 | 80,00 | 14,76 | | 1.400,00 | 1.631,30 | 975,15 | 70 | 509.970,00 | 212,30 | 109,59 | 1.305,60 | 951,34 | 235.167,00 | 745.137,00 |
| 18 | "Бигла" - Демир Хисар | 255,00 | 28,00 | 21,00 | 8 | 1.885,00 | 1.804,50 | 1.248,40 | 66 | 545.374,00 | 235,15 | 231,01 | 829,35 | 751,77 | 266.374,00 | 811.748,00 |
| 19 | "Липа" - Крушево | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.225,00 | 50,40 | 50,40 | 4 | 15.019,00 | 33,65 | 33,65 | 71,90 | 72,50 | 17.432,00 | 32.451,00 |
| 20 | "Преспадрво" - Ресен | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 235,00 | 896,50 | 896,50 | 381 | 267.157,00 | 0,00 | 0,00 | 1.239,09 | 1.239,09 | 204.450,00 | 471.607,00 |
| 21 | "Галичица" - Охрид | 1.000,00 | 188,50 | 150,09 | 15 | 12.000,00 | 8.030,30 | 8.499,70 | 71 | 2.555.024,00 | 22,60 | 101,70 | 5.886,60 | 3.908,05 | 870.518,00 | 3.425.542,00 |
| 22 | "Јабланица" - Струга | 0,00 | 40,00 | 16,00 | | 7.000,00 | 3.444,00 | 3.056,40 | 44 | 1.038.071,00 | 96,00 | 60,77 | 2.235,50 | 2.105,30 | 324.159,00 | 1.362.230,00 |
| 23 | "Стогово" - Дебар | 0,00 | 10,00 | 8,12 | | 1.400,00 | 792,00 | 668,30 | 48 | 240.457,00 | 78,28 | 55,43 | 595,00 | 338,10 | 158.406,00 | 398.863,00 |
| 24 | "Лопушник" - Кичево | 290,00 | 30,50 | 41,50 | 14 | 3.870,00 | 4.295,80 | 4.117,12 | 106 | 771.903,00 | 716,00 | 111,39 | 3.882,65 | 3.684,23 | 603.758,00 | 1.375.661,00 |
| 25 | "Сандански" - Мак.Брод | 330,00 | 22,00 | 89,14 | 27 | 1.040,00 | 940,01 | 1.227,86 | 118 | 224.067,00 | 386,23 | 478,03 | 1.798,60 | 1.595,67 | 346.984,00 | 571.051,00 |
| 26 | "Шар" - Гостивар | 100,00 | 63,00 | 30,00 | 30 | 4.000,00 | 2.529,40 | 1.577,50 | 39 | 791.309,00 | 40,00 | 39,00 | 1.025,18 | 642,28 | 173.580,00 | 964.889,00 |
| 27 | "Лешница" - Тетово | 0,00 | 21,00 | 21,00 | | 1.050,00 | 895,00 | 849,50 | 81 | 272.968,00 | 399,00 | 290,00 | 5.515,00 | 4.531,50 | 1.009.535,00 | 1.282.503,00 |
| 28 | "Караџица" - Скопје | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 9.000,00 | 5.852,00 | 5.267,00 | 59 | 1.743.751,00 | 33,00 | 18,00 | 2.566,50 | 2.181,00 | 429.457,00 | 2.173.208,00 |
| 29 | "Куманово" - Куманово | 0,00 | 88,16 | 28,00 | | 14.234,00 | 8.545,50 | 7.127,45 | 50 | 2.322.550,00 | 178,26 | 108,07 | 1.708,09 | 1.288,98 | 295.404,00 | 2.617.954,00 |
| 30 | "Голак" - Делчево | 2.350,00 | 3.140,00 | 2.808,00 | 119 | 18.920,00 | 16.099,00 | 16.321,10 | 86 | 5.615.609,00 | 353,50 | 323,00 | 2.258,00 | 1.834,70 | 431.996,00 | 6.047.605,00 |
| | ВКУПНО: | 20.229,00 | 14.706,06 | 12.445,32 | 62 | 153.378,50 | 125.350,24 | 114.826,06 | 75 | 39.855.578,00 | 6.173,51 | 5.119,45 | 45.897,73 | 36.845,94 | 8.291.684,00 | 48.147.262,00 |

| | техничко | огревно | вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупно реализирана дрвна маса од шума и од меѓи во $m^3$: | 17.564,77 | 151.672,00 | 169.236,77 |

Извор на податоци: Сектор за шумарство

# 3.1. Коментар

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од областа на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Македонски шуми,, и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми го вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Во текот на 2023 год. одобрени се вкупно 192.127,54 м3, од кои на техничко дрво отпаѓаат 20.879,57 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 171.247,97 м3.

Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 17.564,77 м3 техничко и 151.672,00 м3 огревно дрво. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечкиот Ценовник за ознака и други услуги за шумите, меѓите и осамени дрва во приватна сопственост на ЈП "Македонски шуми" бр.02-2936/4-7 од 27.12.2005 год. Според Ценовникот цените изнесуваат: за одобрување, ознака, жигосување и други услуги во приватни шуми, 252,50 денари за 1м3; за жигосување и издавање испратница за дрво од шумски видови дрвја кои растат на меѓа, 140,00 денари за 1м3. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост во 2023 год. изнесуваат 48.147.262,00 денари. (Табела 8, стр.28)

# 4. ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИ

## 4.1. ГОДИШЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗДВОЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 ДО 31.12.2023 год.

Во денари

Табела 9

| Ред. број | Подружница | Салдо 01.01.2023 | Издвоени средства | Вкупно средства | Потрошени средства за проста репродукција по ситуации | Салдо 31.12.2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | "Малешево"-Берово | 35.349.580 | 8.320.474 | 43.670.054 | 4.204.948 | 39.465.106 |
| 2 | "Равна река"-Пехчево | 2.450.000 | 5.166.038 | 7.616.038 | 5.807.431 | 1.808.607 |
| 3 | "Осогово"-Кр.Паланка | 6.653.106 | 4.290.073 | 10.943.179 | 4.597.090 | 6.346.089 |
| 4 | "Кратово"-Кратово | 7.303.069 | 602.981 | 7.906.050 | 1.811.226 | 6.094.823 |
| 5 | "Осогово"-Кочани | 2.164.194 | 2.168.070 | 4.332.264 | 2.972.458 | 1.359.806 |
| 6 | "Серта"-Штип | 6.669.258 | 1.104.442 | 7.773.700 | 2.760.592 | 5.013.108 |
| 7 | "Плачковица"-Радовиш | 667.517 | 6.827.611 | 7.495.128 | 4.392.520 | 3.102.608 |
| 8 | "Плачковица"-Виница | 22.365.851 | 4.265.865 | 26.783.897 | 90.000 | 26.693.897 |
| 9 | "Беласица"-Струмица | 0 | 5.800.462 | 5.800.462 | 5.800.462 | 0 |
| 10 | "Саланџак"-Валандово | -5.569.358 | 1.164.951 | -4.404.407 | -4.404.407 | 0 |
| 11 | "Кожуф"-Гевгелија | 4.650.902 | 7.639.032 | 12.289.934 | 8.951.671 | 3.338.263 |
| 12 | "Демир Капија"-Д.Капија | 0 | 1.177.004 | 1.177.004 | 2.245.072 | -1.068.068 |
| 13 | "Бор"-Кавадарци | 12.342.125 | 8.997.805 | 21.339.930 | 6.385.822 | 14.954.108 |
| 14 | "Црн Бор"-Прилеп | 23.175.020 | 2.965.638 | 26.140.658 | 2.752.056 | 23.388.602 |
| 15 | "Бабуна"-Велес | 13.975.311 | 3.670.863 | 17.646.174 | 8.763.874 | 8.882.300 |
| 16 | "Шумарство"-Св.Николе | 216.707 | 754.832 | 971.538 | 216.707 | 754.832 |
| 17 | "Кајмакчалан"-Битола | 5.917.550 | 4.393.567 | 10.311.117 | 14.864.921 | -4.553.804 |
| 18 | "Бигла"-Демир Хисар | 8.460.117 | 5.699.950 | 14.160.067 | 3.810.823 | 10.349.244 |
| 19 | "Липа"-Крушево | 3.885.701 | 3.329.230 | 7.214.930 | 5.284.526 | 1.930.404 |
| 20 | "Преспадрво"-Ресен | 15.513.391 | 4.483.268 | 19.996.659 | 0 | 19.996.659 |
| 21 | "Галичица"-Охрид | 42.924.044 | 4.534.195 | 47.458.239 | 25.843.237 | 21.615.002 |
| 22 | "Јабланица"-Струга | 3.173 | 1.070.607 | 1.073.780 | 1.073.780 | 0 |
| 23 | "Стогово"-Дебар | 1.290.369 | 2.161.481 | 3.451.850 | 3.451.850 | 0 |
| 24 | "Лопушник"-Кичево | 15.615.720 | 4.532.101 | 20.147.821 | 1.657.600 | 18.490.221 |
| 25 | "Сандански"-Мак.Брод | 2.027.660 | 3.505.558 | 5.533.218 | 3.230.469 | 2.302.749 |
| 26 | "Шар"-Гостивар | 29.112.839 | 2.974.746 | 32.087.585 | 5.845.164 | 26.242.421 |
| 27 | "Лешница"-Тетово | 721.393 | 51.340 | 772.733 | 263.651 | 509.082 |
| 28 | "Караџица"-Скопје | 4.395.973 | 2.950.546 | 7.346.519 | 1.976.400 | 5.370.119 |
| 29 | "Куманово"-Куманово | 4.635.329 | 520.958 | 5.156.287 | 5.156.287 | 0 |
| 30 | "Голак"-Делчево | 6.252.713 | 2.996.454 | 9.249.167 | 1.448.652 | 7.800.515 |
| | **Вкупно** | **273.169.253** | **108.120.142** | **381.441.576** | **131.254.882** | **250.186.694** |

**Извор на податоци: Сектор за економско - финансиско работење - Одделение за сметководство**
**Податоците во колоните 2, 3, 4, 5 и 6 се од Годишната сметка за 2023 год.**

***Подружниците кои имаат минусни салда значи дека имаат потрошено повеќе средства преку проста репродукција од издвоените 10% од вредноста на посеченото дрво на шумско камионски пат**

## 4.2. ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ПО ВИД НА ИЗВРШЕНА РАБОТА ВО 2023 год.

Табела 9а

| Ред.број | Вид на извршена работа | Единечна мерка | Количина | Вкупно потрошени средства во денари | Учество во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пошумување на голини | ха | 23,80 | 868.975 | 1,00 |
| 2 | Пошумување во шума | ха | 211,19 | 11.179.616 | 12,92 |
| 3 | Потсејување | ха | 104,00 | 1.518.934 | 1,76 |
| 4 | Пополнување | ха | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 5 | Проред и | ха | 146,72 | 2.174.869 | 2,51 |
| 6 | Нега и чистење | ха | 16,65 | 216.450 | 0,25 |
| 7 | Кастрење гранки | ха | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 8 | Конверзија | ха | 127,78 | 1.533.360 | 1,77 |
| 9 | Реконструкција | ха | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 10 | Санитарна сеча | ха | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 11 | Гаснење на пожар | ха | 4,60 | 51.239 | 0,06 |
| 12 | Санација на опожарени површини - чистење | ха | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 13 | Заштита од болести и штетници | ха | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 14 | Заштита од пожари | ха | 12,34 | 1.854.100 | 2,14 |
| 15 | Заштита од добиток и напасување | ха | 4,00 | 510.191 | 0,59 |
| | Вкупно : | ха | 651,08 | 19.907.733 | 23,01 |
| 16 | Контролни рампи | | 23 | 545.224 | 0,63 |
| 17 | Техничко опремување | | 4 | 7.186.368 | 8,30 |
| | Вкупно : | | 27 | 7.731.592 | 8,94 |
| 18 | Изградба на пат | км | 76,90 | 17.284.121 | 19,97 |
| 19 | Реконструкција на пат | км | 76,62 | 3.806.315 | 4,40 |
| 20 | Чистење на пат | км | 424,81 | 10.438.351 | 12,06 |
| | Вкупно : | | 578,33 | 31.528.787 | 36,44 |
| 21 | Изработка на посебни планови | бр. | 27 | 27.362.515 | 31,62 |
| СЕ ВКУПНО НА НИВО НА ЈП: | | | | 86.530.627 | 100,00 |

**Извор на податоци: Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов**

## 4.3. Реализирани активности од Проширена репродукција на шумите за 2023 год.

### Согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите (Сл.весник на РСМ бр.31/23)

Табела 9б

| Подружница | Одгледна мерка | Површина по договор - ха - | Реализирана површина по договор - ха - | Цена ден./ха | Вкупно приход - денари - |
|---|---|---|---|---|---|
| *1. ПОШУМУВАЊЕ НА ГОЛИНИ И ЕРОЗИВНИ ЗЕМЈИШТА* | | | | | |
| *По ДОГОВОР за пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост Бр.03-14/38 од 17.03.2023 год. (48-3592/2 од 22.03.2023г.) согласно Дел III точка 1 потточка 1.1 од Табелата од Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2023г. (Сл.весник на РСМ бр.31/23)* | | | | | |
| *1.1.ШС „Бабуна"-Велес на м.в. Пуплини, КП бр.9/1, КО Новачани* | пошумување на голини и ерозивни земјишта | 23,00 | 23,00 | 85.000,00 | 1.955.000,00 |
| *ВКУПНО :* | | 23,00 | 23,00 | | 1.955.000,00 |
| *2. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ* | | | | | |
| *По ДОГОВОР за отстранување на последиците од шумски пожари на површини над 50ха во рамките на една ШСЕ во државна сопственост преку вештачка обнова со пошумување со садници Бр.03-14/39 од 17.03.2023 год. (48-3592/1 од 22.03.2023г.) согласно Дел III точка 2 од Табелата од Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2023г. (Сл.весник на РСМ бр.31/23)* | | | | | |
| *2.1. ШС „Голак" Делчево ШСЕ Ветрен-Сараево во пододдели: 124/а, 124/б и 125/а* | отстранување на последиците од шумски пожари | 51,00 | 51,00 | 100.000,00 | 5.100.000,00 |
| *2.2. ШС „Малешево" Берово ШСЕ Брегалница во пододдели: 3/б, 4/а и 4/б* | отстранување на последиците од шумски пожари | 51,00 | 18,80 | 100.000,00 | 1.880.000,00 |
| *2.3. ШС „Куманово" Куманово ШСЕ Козјак во пододдели: 69/а и 70/а* | отстранување на последиците од шумски пожари | 51,00 | 50,80 | 100.000,00 | 5.080.000,00 |
| *ВКУПНО :* | | 153,00 | 120,60 | | 12.060.000,00 |
| *СЕ ВКУПНО (1+2) :* | | 176,00 | 143,60 | | 14.015.000,00 |

Извор на податоци: Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов

## 4.4. ОСТВАРЕНО РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО ВО 2023 год.

Табела 9в

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ | | | | | |
| Црн бор | 1+0 | бр. | 73.000 | 118.500 | **191.500** |
| Бел бор | “ | “ | 63.000 | 10.000 | **73.000** |
| Аризонски чемпрес | “ | “ | 7.688 | 73.500 | **81.188** |
| Смрча | “ | “ | 1.000 | 9.000 | **10.000** |
| Питом костен | “ | “ | 4.000 | | **4.000** |
| Даб | “ | “ | 30.500 | 2.000 | **32.500** |
| Багрем | “ | “ | 266.812 | | **266.812** |
| Топола 1/1 | “ | “ | 3.500 | | **3.500** |
| Јасен | “ | “ | 21.000 | | **21.000** |
| Каталпа | “ | “ | 5.500 | | **5.500** |
| Јавор | “ | “ | 39.300 | | **39.300** |
| Дуглазија | “ | “ | 4.500 | | **4.500** |
| Платан | “ | “ | 500 | | **500** |
| Разни декоративни | “ | “ | 557 | | **557** |
| **ВКУПНО : 1+0** | | | **520.857** | **213.000** | **733.857** |
| Црн бор | 2+0 | бр. | 120.000 | 28.570 | **148.570** |
| Бел бор | “ | “ | 21.300 | 19.500 | **40.800** |
| Аризонски чемпрес | “ | “ | 2.000 | 30.000 | **32.000** |
| Дуглазија | “ | “ | 1.000 | 14.000 | **15.000** |
| Смрча | “ | “ | 3.000 | 11.834 | **14.834** |
| Питом костен | “ | “ | 30.000 | | **30.000** |
| Јавор | “ | “ | 150 | | **150** |
| Јасен | “ | “ | 5.000 | | **5.000** |
| Багрем | “ | “ | 500 | | **500** |
| Даб | “ | “ | 6.000 | | **6.000** |
| Бука | “ | “ | 3.800 | | **3.800** |
| **ВКУПНО : 2+0** | | | **192.750** | **103.904** | **296.654** |
| Бел бор | 3+0 | “ | 57.550 | 5.000 | **62.550** |
| Бел бор | 4+0 | | 3.220 | 52.300 | **55.520** |
| Ела | 3+0, 4+0 | “ | 3.000 | | **3.000** |
| Дуглазија | 3+0 | “ | 8.800 | | **8.800** |
| Дуглазија | 4+0 | “ | 25.000 | | **25.000** |
| Црн бор | 3+0 | “ | 182.400 | 56.000 | **238.400** |
| Црн бор | 4+0 | “ | 93.840 | 5.000 | **98.840** |
| Смрча | 3+0 | “ | 2.620 | 7.500 | **10.120** |
| Смрча | 4+0 | “ | 1.500 | 3.000 | **4.500** |
| Даб | 3+0 | “ | 150 | 300 | **450** |
| Питом костен | 3+0 | “ | 10.000 | | **10.000** |
| Питом костен | 4+0 | “ | 7.500 | | **7.500** |
| Аризонски чемпрес | 3+0 | “ | 3.000 | | **3.000** |
| Аризонски чемпрес | 4+0 | “ | 24.500 | | **24.500** |
| Јасен | 3+0 | “ | 3.000 | | **3.000** |
| Керлеутерија | 3+0 | “ | 3.000 | | **3.000** |
| **ВКУПНО : 3+0 и 4+0** | | | **429.080** | **129.100** | **558.180** |



**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| **ДРУГИ САДНИЦИ ОД РАЗНИ ВИДОВИ И ВОЗРАСТ** | | | | | |
| Смрча | 1+4 | " | 100 | | **100** |
| Смрча | 2+5 | " | 100 | | **100** |
| Смрча | 1+6 | " | 39 | | **39** |
| Аризонски чемпрес | 2+1 | " | 38 | | **38** |
| Аризонски чемпрес | 1+4 | " | 10 | | **10** |
| Црн орев | 1+3 | " | 400 | | **400** |
| Албиција | 2+1 | " | 150 | | **150** |
| Смрча | 1+0 | " | 1.200 | | **1.200** |
| Јасен | 4+0 | " | 500 | | **500** |
| Хамаципарис тин тин | 1+4 | " | 28 | | **28** |
| Туја вудворди | 1+4 | " | 630 | | **630** |
| Хамаципарис алуми | | " | 59 | | **59** |
| Хамаципарис елводи | | " | 82 | | **82** |
| Јуниперус хор. | 1+2 | | 16 | | **16** |
| Смрча | 1+5 | " | 233 | | **233** |
| Туја розенталис | 1+5 | " | 14 | | **14** |
| Туја санкис зелена | 1+5 | " | 55 | | **55** |
| Туја смарагд | 1+5 | " | 9 | | **9** |
| Туја смарагд конт. | 1+4 | " | | 67 | **67** |
| Топола-сад | 1+4 | " | 83 | | **83** |
| Жална врба | | " | 33 | | **33** |
| Јуниперус рен голд | | | 21 | | **21** |
| **ВКУПНО :** | | | **3.800** | **67** | **3.867** |
| **СЕ ВКУПНО САДНИЦИ НА НИВО НА ЈП** | | | **1.146.487** | **446.071** | **1.592.558** |

**ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕНСКИ МАТЕРИЈАЛ ЗА РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО**
**Период: 01 - 12 месец 2023 год.**

| ДРВЕН ВИД | ЕДИН. МЕРА | КОЛИЧИНА |
|---|---|---|
| Црн бор | кгр. | 41 |
| Бел бор | " | 11 |
| Аризонски чемпрес | " | 8 |
| Дуглазија | " | 11 |
| Ела | " | 25 |
| Смрча | " | 6 |
| Питом костен | " | 70 |
| Даб | " | 195 |
| Багрем | " | 213 |
| Јасен | " | 90 |
| Каталпа | " | 3 |
| Јавор | " | 84 |
| **Вкупно:** | | **757** |



**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов

## 4.5. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО (Споредба: 2023/2022 год.)

Во денари

**Табела 9г**

| ДЕЈНОСТ | | 2022 год. | | | 2023 год. | | | ИНДЕКС 2023/2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | ПЛ. | ОС. |
| 1 | | 2 | 3 | 4=(3:2)x100 | 5 | 6 | 7=(6:5)x100 | 8=5:2 | 9=6:3 |
| **Расадничко производство** | **Приходи** | 29.490.055 | 6.296.390 | **21,35** | 22.493.600 | 2.470.019 | **10,98** | **0,76** | **0,39** |
| | **Директни расходи** | 16.370.281 | 16.022.741 | **97,88** | 13.070.730 | 14.253.577 | **109,05** | **0,80** | **0,89** |
| **Разлика** | | **13.119.774** | **-9.726.351** | | **9.422.870** | **-11.783.558** | | | |



Извор на податоци:
Годишна сметка на ЈП за 2023 год за приходите и образецот со елементи за утврдување на остварената цена на чинење за расходите

# 4.6. Коментар

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите. Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се наменски и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Од табеларниот преглед на издвоени и потрошени средства за проста репродукција на шумите во 2023 год., може да се види дека издвоени се средства во износ од 108.120.142 денари, а потрошени се средства во износ од 131.254.882 денари со салдо на 31.12.2023 година во износ од 250.186.694 денари според податоците од Годишната сметка за 2023 год. (Табела 9, стр.30).

Согласно член 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ. Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.274/22), Владата на РСМакедонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 год. донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2023 год.

-Дел I: со оваа програма, согласно Буџетот на РСМакедонија за 2023 година. (Службен весник на РСМакедонија бр.282/22) Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на исплата на средствата за извршени работи во 2023 год.

-Дел II: за извршување на работите и мерките од дел I на оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа од Буџетот на РСМакедонија во вкупен износ од 20.000.000 денари.

-Дел III: Средствата наведени во дел II во износ од 20 милиони денари од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год. објавена во Сл.весник

на РСМакедонија бр.31 од 10.02.2023 год. беше предвидено да се користат за следните работи/мерки:

**1. Пошумување на голини и ерозивни земјишта**

1.1 Пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост, извршител на работите ќе биде ЈП Национални шуми на површина од 23,00 ха во вкупен износ од 1.955.000 ден. или 85.000 ден. по ха;

1.2 Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост, извршители на работите ќе бидат сопственици на шуми во приватна сопственост на површина од 20,00 ха во вкупен износ од 1.700.000 ден. или 85.000 ден. по ха.

Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници во државна сопственост од точка 1 потточка 1.1, ќе се врши првенствено на локации со поголеми површини и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми, а пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници во приватна сопственост од точка 1 потточка 1.2, ќе се врши на локации кои се поголеми 0,50ха.

**2. Отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова**

Отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова, извршител на работите ќе биде ЈП Национални шуми на површина од 153,00 ха во вкупен износ од 15.300.000 ден. или 100.000 ден. по ха. Отстранувања на последиците од шумски пожари ќе се врши на површини над 50ха во рамки на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерките од точките 1 потточка 1.1 и точка 2 од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год., извршителот на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство оперативно-стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот (Шумско стопанска единица или КП и КО) и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци. За секоја шумско стопанска единица или КО се поднесува посебна Оперативно-стручна програма;

**3. Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)**

Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) извршител на работите ќе биде Шумарски факултет – Скопје, за реализација на оваа мерка од Програмата предвидени се средства во износ од 1.000.000 денари.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) од точка 3 од Програмата, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои може да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РСМакедонија при Шумарски факултет—Скопје, која до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2023 год., со предлог мерки за понатамошно делување.

## 4. Промотивна кампања за подигање на јавната свест на превентивна заштита на шумите од пожари

Промотивна кампања за подигање на јавната свест на превентивна заштита на шумите од пожари извршител на работите ќе биде Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за реализација на оваа мерка од Програмата предвидени се средства во износ од 45.000 денари. Кампањата ќе се врши преку објавување и печатење на инструкциите, протоколите, плановите, материјалите за обука, насоките и други материјали од областа на управувањето со пожари на отворен простор, како и за техничко одржување и хостирање на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подигање на јавната свест за заштита на шумите од пожари.

Согласно законските обврски за спроведување на превентивни мерки за заштита на шумите од пожари, на ден 26.07.2023 година, на наплатна рампа Миладиновци, претставници од Дирекцијата на ЈПНационални шуми и претставници на шумочуварската служба од Подружниците „Шумарство"- Св Николе и „Караџица"- Скопје, во соработка со Секторот за внатрешни работи Скопје - Одделение за превенција и Шумска полиција, ја спроведоа превентивната кампања „Лето без пожари", при што на граѓаните им беа поделени флаери со информативно-едукативна содржина, истовремено беа информирани за опасностите од настанување на шумските пожари, посебно во летниот период кога е зголемена опасноста од појава на шумски пожари.

-<u>Дел IV:</u> Исплатата на средствата за реализација на работите од Дел III од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год., ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и врз основа на документација за извршени работи. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 3 од Програмата за проширена репродукција за 2023 год, за вршење на теренски увиди на локалитети на цела територија на РСМакедонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им се исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, по потпишување на договорите. Во случај на неисполнување на активностите за кои

авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на РСМакедонија на начин утврден во договорот.

Во извештајниот период ЈП Национални шуми согласно Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год., дел III точка 1, потточка 1.1 (Сл.весник на РСМакедонија бр.31/23), има склучено Договор за пошумување на голини и ерозивни земјишта со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, бр.03-14/38 од 17.03.2023 год., според оперативно-стручната програма во Подружница ШС Бабуна—Велес, на м.в. Пуплини, КП бр.9/1, КО Новачани, на површина од 23ха. Извршителот на работите се обврзува да изврши пошумување на механизирано или рачно обработена почва, да изврши квалитетно пошумување со садници кои најмногу одговараат на месторастежните услови, односно со садници предвидени со оперативната програма, на еден хектар да се насадат по 2.000-2.500 садници. Пошумувањето да се изврши најдоцна до 01.12.2023 година.

Нарачателот на работите се обврзува на извршителот на работите да му исплати по 85.000 денари за еден пошумен ха, односно за вкупно пошумена површина од 23 ха, да му исплати средства во вкупен износ од 1.955.000 денари, откако државниот инспектор по шумарство ќе достави записник со кој се потврдува дека пошумувањето на определениот локалитет е целосно и квалитетно завршено.

Согласно Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год., дел III точка 2, ЈП Национални шуми има склучено Договор за отстранување на последиците од шумски пожари со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, бр. 03-14/39 од 17.03.2023 год., на вкупна површина од 153ха, според оперативно-стручната програма во Подружниците: ШС Голак—Делчево во ШСЕ Ветрен-Сараево на површина од 51ха, ШС Малешево—Берово во ШСЕ Брегалница на површина од 51ха, ШС Куманово—Куманово во ШСЕ Козјак на површина од 51ха. Извршителот на работите се обврзува да обезбеди присуство на одговорно стручно лице за време на контрола на терен од страна на државен инспектор по шумарство и отстранувањето на последиците од шумските пожари на површини во државна сопственост да се заврши најдоцна до 01.12.2023 година.

Нарачателот на работите се обврзува на извршителот на работите да му исплати по 100.000 денари за еден ха, за извршеното отстранување на последиците од шумски пожари преку вештачка обнова со пошумување со садници, или за 153ха да му исплати средства во вкупен износ од 15.300.000 денари, откако државниот инспектор по шумарство ќе достави записник со кој се потврдува дека работите на определениот локалитет се целосно и квалитетно завршени.

- Во извештајниот период согласно предвидената Програма за проширена репродукција на шумите за 2023 год. (Сл.весник на РСМ бр.31/23) ЈП „Национални шуми“ ги реализира предвидените работи и мерки донесени согласно оваа програма. Од средствата во вкупен износ од 17.255.000 денари, остварен е приход од проширена репродукција на шумите во вкупен износ од 14.015.000 денари, од причина што во ШС Малешево—Берово во ШСЕ Брегалница, предвидената површина од 51ха за

отстранувањето на последиците од шумските пожари, реализирана е на 18,80ха, за реализација на извршената работа исплатени се средства во износ од 1.880.000 денари. (Табела 9а, стр.27).

Од табеларниот преглед за произведен саден материјал во 2023 год. може да се констатира дека се произведени вкупно 1.592.558 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 1.146.487 броја садници се класично и 446.071 број се контејнерско производство. (стр.33,34) Во деловната 2023 год. остварено е производство на семенски материјал за расадничко производство на ниво на ЈП, односно собрано е семе, во вкупна количина од 797кгр од различни дрвни видови и тоа: црн бор (41кгр.), бел бор (11кгр), аризонски чемпрес (8кгр), дуглазија (11кгр.), ела (25кгр), смрча (6кгр), багрем (213кгр.), питом костен (70кгр), даб (195кгр.), јасен (90кгр.) и јавор (84кгр.). (стр.34)

Од прегледот пак, за остварените резултати од расадничко производство на ниво на ЈП „Национални шуми" во 2023 год. може да се види дека од реализација на оствареното расадничко производство е остварен вкупен приход од 2.470.019 денари. Споредбата со 2022 год. покажува дека индексот на остварени приходи е 0,39, а на остварени расходи е 0,89.(стр.35)

Пошумувањата предвидени според Посебните планови за стопанисување со шуми се реализираат во неколку фази според предвидената динамика, обработка на почвата (механизирана или рачна обработка на почвата, а во зависност од теренските услови). Изборот на дрвните видови за пошумување на предвидените површини е според едафско-климатските и педолошки услови, адаптибилни за успешна прифатеност и понатамошен развиток на садниците. Во зависност од надморската височина и географската местоположба на локалитетите се пошумува со дрвни видови кои се адекватни во согласност со педолошката структура на почвените и климатските услови.

Во извештајниот период во однос на пошумувањето Јавното претпријатие Национални шуми имаше голема поддршка и вклученост на голем број општествено одговорни компании и институции, кои активно се вклучија во пошумувањата согласно проста и проширена репродукција на шуми, за зголемување на зелените површини. Сите овие компании дадоа свој придонес при извршување на активностите за зголемување на зелените површини, со донација на садници, подготовка на површините за пошумување, логистичка поддршка, техничка помош, како и вклученост со свои вработени во самото пошумување.

На 13.07.2023 год. во Ски Центарот Станич-Крушево, а во организација на Сојузот на извидници на Македонија започна 13-та Македонска извидничка смотра. Сојузот на извидници на Македонија е најголемата младинска чадор организација, која 70 години работи на полето на неформална едукација преку стекнување на здрави животни навики со активности во природа и обединува членство од повеќе од 3000 извидници на национално ниво. На секои 5 години, како дел од својата програма, Сојузот организира извидничката смотра, која претставува најмасовен, едукативен, авантуристички, повеќедневен настан за деца и млади. Извидничкиот камп се реализираше во периодот

од 12 до 21 јули 2023 година, во Крушево, а на него зема учество повеќе од 1000 извидници од Македонија и 15 други држави од регионот, Европа и светот. Генерален покровител на настанот беше Претседателот на РСМакедонија, г-дин Стево Пендаровски, кој прв се обрати на извидниците на свеченоста. На свеченоста присуствуваше и делегација од ЈПНационални шуми предводена од директорот Валентин Груевски. Соработката помеѓу извидниците и ЈП Национални шуми активно трае речиси една година преку БОРЕНКА, акција за пошумување на опожарени подрачја и едукација на деца и млади од целата држава.

На 04.11.2023 година министерот Љупчо Николовски ја најави големата акција за пошумување на 1.200.000 садници во 19 региони на 36 локации низ државата. Акцијата опфаќаше пошумување на над 400 хектари површина, со повеќе различни видови садници, бел и црн бор, јавор, багрем, смрча, даб, чемпрес, јасен, костен и ела.

Зелената транзиција преку пошумувањето е една од нашите цели за успешно реализирање и зголемување на зелените површини. ЈП Национални шуми ја започна големата акција за пошумување на 06.11.2023год. од Куманово. Пошумувањето беше извршено и на нови површини, а се пошумуваа и опожарени површини од големите пожари кои во 2021 ја зафатија Малешевијата. Целокупниот посадочен материјал го обезбеди Јавното претпријатие Национални шуми од расадниците во Свети Николе и Куманово, кои се осовременети и произведуваат садници од контејнерски тип, кои се многу поотпорни на климатските промени од обичните садници.

Акцијата беше поддржана од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина, како и бројни компании и граѓански организации. Им благодариме на сите општествено одговорни компании, министерството за животна средина, Факултетот за шумарски науки и сите граѓански иницијативи кои се приклучија кон оваа акција за збогатување на шумскиот фонд.

Сите заедно да пошумуваме, заедно да ги чуваме и унапредуваме шумите, за нас, за нашите деца, за нашата заедничка иднина.

Во однос на потребата на пазарна валоризација на сите шумски ресурси и за целосно искористување на сите можности кои ги дава шумата, особено во поглед на искористувањето на другите шумски производи, се наметнува потребата од производство и собирање на лековити и ароматични растенија, со што шумите и шумските подрачја би биле поквалитетно вреднувани. Од продажба на други шумски производи и од дозволи во 2023 год. остварен е приход во износ од 1.197.254денари.

Капацитетот на погонот за хидродестилација во подружницата ШС„Малешево" - Берово, според техничко-технолошките можности се движи од 7.000 до 10.000 кгр. етерични масла, во зависност од суровината која се преработува. Во текот на деловната 2023 год. погонот Хидродестилара нема остварено приход од продажба на етерично масло од сина смрека.

Табела 10а

**Р Е К А П И Т У Л А Р - НА НИВО НА ЈП ЗА 2023 ГОД.**

| | ЕЛЕМЕНТИ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно за 2023 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МЕСЕЦИ | | | | | | | | | | | | |
| Број и причинета штета | Број на пожари | 0 | 39 | 2 | 3 | 0 | 0 | 6 | 37 | 42 | 41 | 0 | 0 | 170 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 433,20 | 50,60 | 8,50 | 0,00 | 0,00 | 42,10 | 2.288,93 | 1.159,21 | 1.789,94 | 0,00 | 0,00 | 5.772,48 |
| | Опожарена дрвна маса - $м^3$ | 0,00 | 120,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.040,00 | 8.261,50 | 3.731,00 | 5.788,00 | 0,00 | 0,00 | 18.940,50 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 16.288.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.360.000 | 55.336.200 | 20.645.933 | 40.382.000 | 0 | 0 | 164.012.133 |
| Гасење | Учество по гасење (1+2) | 0 | 267 | 13 | 16 | 0 | 0 | 103 | 715 | 579 | 1.088 | 0 | 0 | 2.781 |
| | 1. Од ЈПНШ | 0 | 162 | 11 | 6 | 0 | 0 | 58 | 248 | 224 | 306 | 0 | 0 | 1.015 |
| | 2. Од други субјекти | 0 | 105 | 2 | 10 | 0 | 0 | 45 | 467 | 355 | 782 | 0 | 0 | 1.766 |
| Трошоци за гасење (ден) | Вкупно трошоци за гасење на пожарот | 0,00 | 414.931,00 | 21.295,00 | 12.356,00 | 0,00 | 0,00 | 211.537,00 | 738.317,00 | 492.820,00 | 1.001.223,00 | 0,00 | 0,00 | 2.892.479,00 |
| | Трошоци за дневници | 0,00 | 241.367,00 | 10.183,00 | 8.506,00 | 0,00 | 0,00 | 130.264,00 | 515.329,00 | 308.606,00 | 724.462,00 | 0,00 | 0,00 | 1.938.717,00 |
| | Трошоци за гориво и мазиво | 0,00 | 124.900,00 | 8.300,00 | 3.500,00 | 0,00 | 0,00 | 46.473,00 | 134.128,00 | 96.274,00 | 168.149,00 | 0,00 | 0,00 | 581.724,00 |
| | Трошоци за средства за гасење | 0,00 | 2.952,00 | 1.500,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 9.000,00 | 7.700,00 | 16.100,00 | 12.000,00 | 0,00 | 0,00 | 49.252,00 |
| | Трошоци за храна за екипата за гасење | 0,00 | 45.712,00 | 1.312,00 | 350,00 | 0,00 | 0,00 | 20.300,00 | 61.060,00 | 47.740,00 | 54.412,00 | 0,00 | 0,00 | 230.886,00 |
| | Останати трошоци | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 5.500,00 | 20.100,00 | 24.100,00 | 42.200,00 | 0,00 | 0,00 | 91.900,00 |

**Напомена :** Податоците се земени од статистичките листови на MKFFIS-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.3. ПРЕГЛЕД НА ШУМСКИ ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА НА НИВО НА ЈП ЗА 2023 ГОД.

Табела 106

ВКУПНО НАСТАНАТИ ПОЖАРИ, ВИД НА ШУМА, ПОВРШИНА И ДРВНА МАСА ОПФАТЕНА СО ПОЖАРОТ И ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА НИВО НА ЈП ЗА 2023 ГОД.

| | ЕЛЕМЕНТИ | МЕСЕЦИ | | | | | | | | | | | | Вкупно за 2023 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | |
| БРОЈ НА ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА, ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА И ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАРОТ | **1. ШУМА ОД ИГЛОЛИСНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 4 | 0 | 0 | 10 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,50 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 13,00 | 6,50 | 1,85 | 909,00 | 0,00 | 0,00 | 930,85 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 850,00 | 201,00 | 153,00 | 580,00 | 0,00 | 0,00 | 1.784,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 29.750.000 | 4.093.200 | 3.226.500 | 2.538.000 | 0 | 0 | 39.607.700 |
| | **2. ШУМА ОД ЛИСЈАРСКИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 18 | 21 | 16 | 0 | 0 | 70 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 190,90 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 15,00 | 605,03 | 918,26 | 411,87 | 0,00 | 0,00 | 2.141,06 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 75,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 120,00 | 3.725,50 | 2.035,00 | 5.038,00 | 0,00 | 0,00 | 10.993,50 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 16.288.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.120.000 | 25.658.000 | 14.862.000 | 35.226.000 | 0 | 0 | 93.154.000 |
| | **3. ШУМА ОД МЕШАНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 4 | 3 | 3 | 0 | 0 | 14 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 10,00 | 0,00 | 2,00 | 0,00 | 0,00 | 14,00 | 307,60 | 21,50 | 6,70 | 0,00 | 0,00 | 361,80 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 45,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 70,00 | 4.335,00 | 1.543,00 | 170,00 | 0,00 | 0,00 | 6.163,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 490.000 | 25.585.000 | 2.557.433 | 2.618.000 | 0 | 0 | 31.250.433 |
| | **4. ШУМА ОД ОСТАНАТИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **5. ПРИЗЕМНА ВЕГЕТАЦИЈА (трева, разни грмушки и тн.)** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 24 | 2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 13 | 16 | 18 | 0 | 0 | 76 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 231,80 | 50,60 | 6,50 | 0,00 | 0,00 | 0,10 | 1.369,80 | 217,60 | 462,37 | 0,00 | 0,00 | 2.338,77 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | **Број на пожари** | 0 | 39 | 2 | 3 | 0 | 0 | 6 | 37 | 42 | 41 | 0 | 0 | 170 |
| | **Опожарена површина - ха** | 0,00 | 433,20 | 50,60 | 8,50 | 0,00 | 0,00 | 42,10 | 2.288,93 | 1.159,21 | 1.789,94 | 0,00 | 0,00 | 5.772,48 |
| | **Опожарена дрвна маса - м³** | 0,00 | 120,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.040,00 | 8.261,50 | 3.731,00 | 5.788,00 | 0,00 | 0,00 | 18.940,50 |
| | **Причинета штета - денари** | 0 | 16.288.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.360.000 | 55.336.200 | 20.645.933 | 40.382.000 | 0 | 0 | 164.012.133 |
| ГАСНЕЊЕ | **УЧЕСНИЦИ ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (1+2)** | 0 | 267 | 13 | 16 | 0 | 0 | 103 | 715 | 579 | 1088 | 0 | 0 | 2.781 |
| | 1. Од ЈПНШ | 0 | 162 | 11 | 6 | 0 | 0 | 58 | 248 | 224 | 306 | 0 | 0 | 1.015 |
| | 2. Други субјекти | 0 | 105 | 2 | 10 | 0 | 0 | 45 | 467 | 355 | 782 | 0 | 0 | 1.766 |
| ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ - денари - | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (од 1 до 5)** | 0,00 | 414.931,00 | 21.295,00 | 12.356,00 | 0,00 | 0,00 | 211.537,00 | 738.317,00 | 492.820,00 | 1.001.223,00 | 0,00 | 0,00 | 2.892.479,00 |
| | 1. Трош. за дневници | 0,00 | 241.367,00 | 10.183,00 | 8.506,00 | 0,00 | 0,00 | 130.264,00 | 515.329,00 | 308.606,00 | 724.462,00 | 0,00 | 0,00 | 1.938.717,00 |
| | 2. Трошоци за гориво и мазиво | 0,00 | 124.900,00 | 8.300,00 | 3.500,00 | 0,00 | 0,00 | 46.473,00 | 134.128,00 | 96.274,00 | 168.149,00 | 0,00 | 0,00 | 581.724,00 |
| | 3. Трошоци за средства за гасење | 0,00 | 2.952,00 | 1.500,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 9.000,00 | 7.700,00 | 16.100,00 | 12.000,00 | 0,00 | 0,00 | 49.252,00 |
| | 4. Тр. за храна за екипата за гасење | 0,00 | 45.712,00 | 1.312,00 | 350,00 | 0,00 | 0,00 | 20.300,00 | 61.060,00 | 47.740,00 | 54.412,00 | 0,00 | 0,00 | 230.886,00 |
| | 5. Останати трошоци | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 5.500,00 | 20.100,00 | 24.100,00 | 42.200,00 | 0,00 | 0,00 | 91.900,00 |

**Напомена :** Податоците се земени од статистичките листови на MKFFIS-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците



Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.4. Извештај за активноста на шумочуварската служба во 2023 год.

Табела 10 в

| Реден број | Подружница | вкупно реони | површина на реони | вк.шумочувари | присуство на терен | води сл.книга | нарушувања од познат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | бесправно посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | | | | | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПНШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | ха | бр. | бр. ден. | | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16=12+14 | 17=13+15 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 1 | Малешево-Берово | 10 | 26.420,60 | 7 | 1.236 | 2.820 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 4 | 10.899,00 | 4 | 857 | 823 | 1 | 13,00 | 10.920,00 | 416.000,00 | 0 | 13,00 | 0 | 0,00 | 0 | 13,00 | 10.920,00 | 416.000,00 | 3 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 8 | 27.263,72 | 5 | 1.416 | 1.402 | 2 | 5,32 | 11.551,68 | 37.240,00 | 0 | 0,00 | 3 | 10,45 | 3 | 10,45 | 23.449,40 | 73.150,00 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 6 | 30.952,12 | 2 | 414 | 517 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 1,96 | 2 | 1,96 | 3.782,44 | 13.320,00 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 18 | 39.100,00 | 5 | 1.284 | 654 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 5 | Серта-Штип | 2 | 15.665,00 | 2 | 486 | 458 | 8 | 75,51 | 0,00 | 719.775,00 | 6 | 20,85 | 0 | 0,00 | 6 | 20,85 | 0,00 | 145.950,00 | 0 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 13 | 48.935,00 | 9 | 1.742 | 1.731 | 61 | 43,90 | 66.907,00 | 291.700,00 | 9 | 2,90 | 30 | 128,31 | 39 | 131,21 | 76.592,22 | 315.800,75 | 35 | 4 |
| 8 | Плачковица-Виница | 11 | 27.492,00 | 3 | 861 | 861 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 24 | 49.735,00 | 16 | 272 | 80 | 19 | 22,20 | 19.786,00 | 235.100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 19 | 1 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 8 | 26.094,10 | 4 | 998 | 988 | 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 0,70 | 1 | 0,70 | 966,00 | 4.900,00 | 1 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 17 | 50.925,50 | 7 | 1.280 | 1.280 | 4 | 1,10 | 3.957,00 | 7.700,00 | 0 | 0,00 | 3 | 1,10 | 3 | 1,10 | 3.957,00 | 7.700,00 | 0 | 0 |
| 12 | Д.Капија-Д.Капија | 6 | 37.258,14 | 3 | 384 | 370 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 12 | 19,83 | 12 | 19,83 | 167.268,70 | 360.310,00 | 15 | 1 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 15 | 58.503,05 | 8 | 1.447 | 1.570 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 12 | 37.395,68 | 5 | 1.073 | 779 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 15 | Бабуна-Велес | 18 | 58.686,18 | 9 | 1.215 | 1.116 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-С.Николе | 4 | 22.332,00 | 4 | 968 | 968 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1 | 0,30 | 1 | 4,80 | 2 | 5,10 | 16.250,20 | 35.400,00 | 5 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 12 | 42.305,31 | 8 | 1.561 | 1.561 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 12 | 28.741,30 | 12 | 2.640 | 2.640 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 0,50 | 1 | 0,50 | 1.324,00 | 3.500,00 | 0 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 4 | 16.054,61 | 4 | 804 | 1.245 | 61 | 55,35 | 141.365,00 | 579.500,00 | 0 | 0,00 | 4 | 3,38 | 4 | 3,38 | 8.667,00 | 23.625,00 | 67 | 10 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 9 | 22.262,50 | 5 | 315 | 315 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 21 | Галичица-Охрид | 14 | 38.679,96 | 10 | 1.311 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 13 | 24.354,98 | 9 | 1.239 | 1.239 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 8 | 12.871,02 | 4 | 1.039 | 1.037 | 16 | 7,97 | 16.927,00 | 61.520,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 24 | 54.805,74 | 23 | 5.086 | 5.086 | 35 | 34,18 | 78.648,72 | 239.260,00 | 24 | 26,60 | 0 | 0,00 | 24 | 26,60 | 60.137,60 | 186.200,00 | 40 | 5 |
| 25 | Сандански-М.брод | 12 | 63.195,40 | 7 | 1.836 | 1.919 | 6 | 72,30 | 162.240,00 | 506.100,00 | 0 | 0,00 | 6 | 12,47 | 6 | 12,47 | 27.982,00 | 87.290,00 | 8 | 4 |
| 26 | Шар-Гостивар | 16 | 28.020,79 | 9 | 1.964 | 1.905 | 5 | 102,81 | 203.506,00 | 1.095.541,00 | 0 | 0,00 | 3 | 45,80 | 3 | 45,80 | 147.571,00 | 415.050,00 | 0 | 6 |
| 27 | Лешница-Тетово | 5 | 7.427,06 | 6 | 1.141 | 891 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 10,40 | 1 | 10,40 | 43.325,00 | 72.800,00 | 0 | 0 |
| 28 | Караџица-Скопје | 10 | 58.055,56 | 11 | 0 | 0 | 40 | 43,85 | 0,00 | 306.950,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 24 | 7 |
| 29 | Куманово-Куманово | 10 | 22.802,20 | 9 | 1.682 | 502 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1 | 1,00 | 0 | 0,00 | 1 | 1,00 | 1.970,00 | 7.000,00 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 6 | 35.593,80 | 2 | 255 | 255 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1 | 3,50 | 0 | 0,00 | 1 | 3,50 | 9.450,00 | 24.500,00 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 331 | 1.022.827,32 | 212 | 36.806 | 35.012 | 259 | 477,49 | 715.808,40 | 4.496.386,00 | 42 | 68,15 | 67 | 239,70 | 109 | 307,85 | 603.612,56 | 2.192.495,75 | 217 | 38 |

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.5. Извештај за нарушувања од непознат сторител во 2023 год.

Табела 10г

| Реден број | Подружница | нарушувања од непознат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | беспрано посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПНШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11=7+9 | 12=8+10 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | Малешево-Берово | 41 | 192,52 | 370.949,30 | 3.096.929,00 | 2 | 24,90 | 0 | 0,00 | 2 | 24,90 | 97.149,00 | 801.450,00 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 53 | 509,30 | 1.275.401,00 | 16.537.850,00 | 8 | 81,05 | 0 | 0,00 | 8 | 81,05 | 172.251,00 | 1.997.220,00 | 3 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 12 | 26,38 | 42.397,94 | 184.639,00 | 0 | 0,00 | 2 | 1,80 | 2 | 1,80 | 4.039,00 | 12.600,00 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 7 | 15,42 | 29.547,65 | 104.468,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 113 | 617,94 | 1.093.736,80 | 4.325.510,00 | 0 | 0,00 | 10 | 50,03 | 10 | 50,03 | 75.366,60 | 298.060,00 | 0 | 0 |
| 6 | Серта-Штип | 12 | 60,36 | 0,00 | 573.825,00 | 8 | 50,66 | 0 | 0,00 | 8 | 50,66 | 0,00 | 350.840,00 | 1 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 53 | 360,48 | 657.811,00 | 2.922.526,00 | 14 | 53,72 | 24 | 40,45 | 38 | 94,17 | 81.565,00 | 345.700,00 | 2 | 0 |
| 8 | Плачковица-Виница | 22 | 261,45 | 681.479,00 | 3.806.771,00 | 1 | 3,00 | 1 | 14,00 | 2 | 17,00 | 34.651,00 | 119.336,00 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 2 | 177,56 | 223.492,00 | 4.086.964,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 1.305.844,00 | 0 | 6 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 6 | 14,90 | 37.631,00 | 104.300,00 | 2 | 6,40 | 1 | 2,65 | 3 | 9,05 | 10.170,00 | 26.600,00 | 0 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 14 | 58,92 | 208.953,00 | 412.440,00 | 5 | 18,20 | 0 | 2,10 | 5 | 20,30 | 71.342,00 | 142.100,00 | 0 | 0 |
| 12 | Д,Капија-Д.Капија | 2 | 6,30 | 14.137,00 | 44.100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 8 | 12,23 | 8 | 9,00 | 16 | 21,23 | 11.220,00 | 93.100,00 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 156 | 1.606,16 | 3.528.100,00 | 12.029.720,00 | 7 | 12,55 | 197 | 281,35 | 204 | 293,90 | 634.585,00 | 2.060.300,00 | 0 | 0 |
| 15 | Бабуна-Велес | 27 | 371,47 | 0,00 | 1.762.740,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-Св.Николе | 3 | 6,70 | 16.195,00 | 59.400,00 | 2 | 1,40 | 5 | 8,40 | 7 | 9,80 | 23.146,00 | 88.700,00 | 1 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 1 | 4,41 | 10.618,00 | 30.898,00 | 0 | 0,00 | 1 | 5,50 | 1 | 5,50 | 20.794,00 | 38.500,00 | 0 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 211 | 379,73 | 523.707,60 | 2.658.290,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 197 | 1.612,72 | 4.152.752,00 | 11.289.430,00 | 0 | 0,00 | 1 | 0,70 | 1 | 0,70 | 1.854,00 | 4.900,00 | 3 | 0 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 2,30 | 3 | 2,30 | 6.210,00 | 16.100,00 | 0 | 0 |
| 21 | Галичица-Охрид | 9 | 174,05 | 0,00 | 863.800,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 43 | 3.641,26 | 7.562.504,00 | 25.321.870,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 48 |
| 23 | Стогово-Дебар | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 192 | 1.075,87 | 2.524.708,80 | 7.531.090,00 | 19 | 114,40 | 0 | 0,00 | 19 | 114,40 | 263.848,32 | 800.800,00 | 0 | 0 |
| 25 | Сандански-М.брод | 21 | 58,83 | 132.662,00 | 429.840,00 | 1 | 14,00 | 3 | 5,58 | 4 | 19,58 | 57.446,00 | 179.200,00 | 0 | 0 |
| 26 | Шар-Гостивар | 23 | 258,31 | 571.870,00 | 4.010.311,00 | 3 | 7,40 | 1 | 60,20 | 4 | 67,60 | 238.729,00 | 514.550,00 | 0 | 0 |
| 27 | Лешница-Тетово | 3 | 20,51 | 65.806,00 | 143.570,00 | 0 | 12,41 | 1 | 3,20 | 1 | 15,61 | 54.811,00 | 109.270,00 | 0 | 0 |
| 28 | Караџица-Скопје | 1.357 | 15.115,00 | 0,00 | 105.518.000,00 | 12 | 26,40 | 0 | 3,60 | 12 | 30,00 | 0,00 | 100.100,00 | 1 | 0 |
| 29 | Куманово-Куманово | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1 | 1,00 | 0 | 0,00 | 1 | 1,00 | 1.970,00 | 7.000,00 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 5 | 51,44 | 129.737,00 | 289.350,00 | 4 | 11,36 | 0 | 0,00 | 4 | 11,36 | 44.242,00 | 68.780,00 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 2.585 | 26.677,98 | 23.854.196,09 | 208.138.631,00 | 97 | 451,08 | 258 | 490,86 | 355 | 941,94 | 1.905.388,92 | 9.481.050,00 | 11 | 54 |

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

# 5.6. Коментар

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници утврдени се средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год. (Сл. весник на РСМакедонија бр.31/23).

Активностите се во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници, кои може да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РСМакедонија. Шумарскиот факултет - Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2023 год., со предлог мерки за понатамошно делување. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год. (Сл.весник на РСМакедонија бр.31/23) во износ од 1.000.000 денари.

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: **Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците** и електронските **Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба** доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се **170** пожари во текот на **2023 година,** со вкупно **опожарена површина од 5.772,48** ха, а опожарена **дрвна маса** е **18.940,50** м$^3$ при што е причинета **штета** од **164.012.133,00** ден. **Вкупните трошоци** за гаснење на пожарите изнесуваат **2.892.479,00** денари. Во гаснењето на сите **170** пожари учествувале **2.781 гаснач во екот на пожарите,** од кои **1.015 се вработени во** ЈПНШ, а **1.766 се гасначи од други субјекти.** (Табела 10, 10а и 10б, стр.42, 43, 44 и 45)

Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола ја анализира и прикажува состојбата со настанатите шумски пожари во три категории:

- Според место на настанување на пожарот;
- Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот;
- Според видот на опожарената шума;

1. Според место на настанување на пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 36 пожари се настанати **вон шума и завршиле вон шума** при што е опожарена површина од **1.807,40ха**, нема изгорено дрвна маса, а трошоците за гаснење изнесуваат **404.036,00ден**. Во гаснењето учествувале **459** гасначи, од кои 160 вработени во ЈПНШ, а **299** гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.42)

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 46 пожари се настанати **вон шума и навлегле во шума** при што е опожарена површина од **2.168,18ха**, со опожарена дрвна маса **10.341,00м³**, причинета штета од **68.758.340,00ден.**, а трошоците кои се направени за гаснење изнесуваат **861.844,00ден**. Во гаснењето учествувале **725** гасначи, од кои **328** вработени во ЈПНШ, а **397** гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.42)

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 88 пожари се настанати **во шума и завршиле во шума** при што е опожарена површина од **1.796,90ха**, со опожарена дрвна маса **8.599,50м³**, причинета штета од **95.253.793,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **1.626.599,00ден**. Во гаснењето учествувале 1.597 гасначи, од кои **527** вработени во ЈПНШ, а **1.070** гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.42)

2. Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 108 пожари се **без опожарена дрвна маса**, а при тоа била опожарена површина од **3.138,80ха**, нема причинета штета, а трошоците за гаснење изнесуваат **1.388.769,00ден**. Во гаснењето на пожарите учествувале **1.278** гасначи, од кои **564** вработени во ЈПНШ, а **714** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.43,44)

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 4 пожари се со **опожарена дрвна маса до 10м³**, а при тоа била опожарена површина од **36,00ха**, со вкупно опожарена дрвна маса **39,00м³**, причинета штета од **150.000,00ден**, а трошоците за гаснење изнесуваат **62.000,00ден**. Во гасењето на пожарите учествувале **49** гасначи, од кои **19** вработени во ЈПНШ, а **30** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.43,44)

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 26 пожари се со **опожарена дрвна маса до 100м³**, а при тоа била опожарена површина од **673,50ха**, со вкупно опожарена дрвна маса 1.513,50м³, причинета штета од **25.728.000,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **510.339,00ден**. Во гаснењето на пожарите учествувале **521** гаснач, од кои **175** вработени во ЈПНШ, а **346** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.43,44)

✓ Од вкупниот број на пожари (170), 32 пожари се со **опожарена дрвна маса над 100м³**, а при тоа била опожарена површина од **1.924,18ха**, со опожарена дрвна маса **17.388,00м³**, причинета штета од **138.134.133,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **931.371,00ден**. Во гаснењето на пожарите учествувале **933** гасначи, од кои **257** вработени во ЈПНШ, а **676** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.43,44)

3. <u>Според видот на опожарената шума</u>

✓ Од вкупниот број на пожари **(170)**, **10 пожари** се во опожарена шума од иглолисни видови, а била опожарена површина од **930,85ха**, со опожарена дрвна маса **1.784,00м$^3$** и причинета е штета од **39.607.700,00ден.**(Табела 10б стр.45)

✓ Од вкупниот број на пожари **(170)**, **70 пожари** се во опожарена шума од лисјарски видови, а била опожарена површина од **2.141,06ха**, со опожарена дрвна маса **10.993,50м$^3$** и причинета е штета од **93.154.000,00ден.**(Табела 10б стр.45)

✓ Од вкупниот број на пожари **(170)**, **14 пожари** се во опожарена шума од мешани видови, а била опожарена површина од **361,80ха**, со опожарена дрвна маса **од 6.163,00м$^3$** и причинета е штета од **31.250.433,00ден.**(Табела 10б стр.45)

✓ Од вкупниот број на пожари **(170)**, 76 **пожари** се со опожарена приземна вегетација (трева, разни грмушки), а била опожарена површина од **2.338,77ха.**(Табела 10б стр.45)

Од анализата на податоците за настанатите пожари во 2023 год. и 2022 год., може да се акцентира следново:

- Во периодот од 01.01.-31.12.2023 год. има вкупно 170 пожари, додека во истиот период 2022 год. имало вкупно 104 пожари;
- Вкупно опожарена површина во периодот од 01.01.-31.12.2023 год. е 5.772,48ха, додека во истиот период 2022 год. вкупно опожарена површина е 1.956,15ха;
- Вкупно опожарената дрвна маса во периодот од 01.01.-31.12.2023 год. изнесува 18.940,50м3, додека во истиот период 2022 год. вкупно опожарена дрвна маса изнесува од 12.477,20m3;
- Во периодот од 01.01.-31.12.2023 год. од настанатите пожари, има причинета штета во износ од 164.012.133,00 ден., додека во истиот период 2022 год. причинетата штета е во износ од 119.379.485,00 ден.;
- Во периодот од 01.01.-31.12.2023 год. направени се трошоци за гаснење во износ од 2.892.479,00 ден., а во споредба со истиот период 2022 год. направените трошоци за гаснење се во износ од 1.884.567,00 ден.

По подружници беше испратен налог да ги ажурираат плановите за 2023 година и во нив да го применат член 34, став 2 од Законот за пожарникарство во кој се вели: "Кога во гаснењето на пожари во шума и други отворени простори покрај силите од став (1), на овој член се вклучени и вработените во правното лице, кое стопанисува со опожарените површини, со гаснењето на пожарот раководи одговорно лице согласно со неговиот план за заштита од пожари". Овој налог во целост е спроведен.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31 октомври 2014 година), поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, видот и големината на пожарот, учесниците во гаснењето и трошоците за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари. Субјектите кои

стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање. Следењето на настанатите пожари е преку електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците.

ЈП"Национални шуми" со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение изработено по принципите на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари.

- На 12.07.2023 год. ЈП Национални шуми упати АПЕЛ од настанување на шумски пожари. Високите температури кои тој период ја зафатија територијата на нашата држава, носеа зголемена опасност од настанување на пожари на отворен простор и шумски пожари, поради што се апелираше до сите граѓани на зголемена будност и мобилност.

Со цел да се спречат несакани последици Јавното претпријатие апелираше да не се пали оган на отворен простор, да не се фрлаат пластични и стаклени шишиња, да не се врши палење на отпад и друг горлив материјал и да не се фрлаат отпушоци од цигари и догорчиња. Истовремено, доколку се забележи пожар, се апелираше да се пријави на отворената линија 02 155 22, односно 02 2581 080 број на централа на ЈП Национални шуми, или на тел.број 193 на Противпожарна бригада и на тел. 112 во Центарот за управување со кризи.

На 17.07.2023 год. е воведена делумна забрана за движење во шума

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по барање на ЈП Национални шуми – Скопје, согласно член 57, став 3 од Законот за шумите, даде согласност за воведување делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште во периодот од 6:00 до 20:00 часот, на територијата со која стопанисува јавното претпријатие. Забраната се воведе со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор. Делумната забрана за движење во шума стапи на сила од 17.07.2023 година и траеше се до проценката дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, односно до нејзиното отповикување.

Делумната забрана за движење во шумите и шумското земјиште не важаше за:

Министерството за внатрешни работи, Шумската полиција, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, ЈП Национални шуми, субјектите што вршат шумскостопански активности,

сеча, дотур и транспорт на дрво и дрвни сортименти, стручните служби на концесионерите на дивечот во ловиштата и лица коишто имаат писмено одобрение за движење во шумите.

Движењето беше дозволено единствено со писмено одобрение издадено од подружниците на ЈПНационални шуми–Скопје за подрачјето со кое стопанисуваат/управуваат. За спроведување на забраната одговорни беа вработените од ЈПНационални шуми кои вршат дејност заштита, Шумската полиција и МВР.

За непочитување на оваа забрана на физичките лица кои беа затекнати дека се движат во шума и шумско земјиште, согласно член 106 од Законот за шумите, беше предвидена парична казна од 1500 до 2000 евра.

На барање на Јавното претпријатие Национални шуми, доставено на 27.09.2023година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, добиена е согласност за оптовикување на согласноста за воведување делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште во периодот од 6:00 до 20:00 часот, на територијата со која стопанисува јавното претпријатие.

Од 29.09.2023 година беше отповикана делумната забрана за движење во шума. За спроведување на горенаведената согласност за укинување на делумната забрана за движење во шума, известени беа сите надлежни институции.

Согласно **Закон за заштита и спасување** (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), **Закон за пожарникарство** (Сл.весник на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 168/17), **Закон за шумите** (Сл.весник на РМ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), **Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари** (Сл.весник на РМ бр.82/15 и 27/18), и согласно Годишниот оперативен план кој го изработуваат подружниците при ЈП, при настанување на шумски пожар ЈП има обврска да даде **прв одговор** со гасначи и средства за гаснење.

Од тука следува дека ЈП„Национални шуми" има обврска да презема **превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од пожари.**

Преземени превентивни и подготвителни мерки во текот на 2023 година за заштита од шумски пожари се:

- Подготовка на Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2023 год., во текот на месец ноември и декември 2022 год., сите 30 Подружници во состав на ЈПНШ изработија Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2023 год;
- Номинирни се претставници од ЈПНШ во Оперативно координативно тело за превенција и справување со пожари на отворен простор при Центарот за управување со кризи (ЦУК);
- На 14 јуни 2023 година на Градскиот плоштад во Скопје, се одржа кампања за подигање на свеста кај граѓаните и потребата од заштита на шумското богатство во текот на летниот период, под мотото ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ НАШИТЕ ШУМИ.

Кампањата беше организирана од Противпожарниот сојуз на Македонија (ПСМ), заедно со Градскиот противпожарен сојуз на Скопје (ГППС) и Општинските противпожарни сојузи на Општините од Град Скопје (ОППС), а во соработка со ЈПНационални шуми, Дирекција за заштита и спасување и Доброволни противпожарни друштва. На настанот учествуваа претставници од ЈП Национални шуми од Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и дел од шумочуварската служба на Подружница Караџица од Скопје. На кампањата беа поделени флаери со информативно-едукативна содржина за заштита на шумите од пожари;

- Согласно вообичаените превентивни и подготвителни мерки за заштита на шумите од пожари, Јавното претпријатие Национални шуми за таа цел на 17 мај 2023 година во Кавадарци, од страна на претставници од Дирекцијата за заштита и спасување беше одржана обука за 75 лица за гаснење на шумски пожари на отворен простор, како и обука за возилата GREAT WALL со пумпа, кои по завршената обука добиваат сертификати. Обуката за гаснење на пожари содржеше теоретски и практичен дел. Теоретскиот дел се одржа во просториите на СОЗШУ Ѓорче Петров во Кавадарци, а практичниот дел во кругот на училишниот двор. На теоретскиот дел воведно обраќање имаше директорката на СОЗШУ Ѓорче Петров во Кавадарци Ратка Росомански, како и директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски;
## 5.6. Показатели за рентабилноста - деловната успешност на ЈП

***За успешноста (бруто добивка спрема вкупен приход)** ―――― x 100 = #DIV/0!

***За рентабилноста, односно профитабилноста (бруто добивка спрема капитал и резерви)** ―――― x 100 = #DIV/0!

Претпријатието оваа година **не покажува рентабилност во работењето**, бидејќи оствари **загуба** во износ од **137.005.356 денари.**



# IV.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЦЕНАТА НА ЧИНЕЊЕ НА 1$m^3$ ОГРЕВНО И ТЕХНИЧКО ДРВО ВО 2023 год.

# 1.РЕКАПИТУЛАР НА ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОГРЕВНО И ТЕХНИЧКО ДРВО

## А. ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ

Табела 37

| ЕЛЕМЕНТИ | ОГРЕВНО ДРВО | | | ТЕХНИЧКО ДРВО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Со сопст. работ. | Со надв. изврш. | Вкупно | Со сопст. работ. | Со надв. изврш. | Вкупно |
| Сеча | 141.450.308 | 52.322.879 | **193.773.187** | 35.490.174 | 14.091.611 | **49.581.785** |
| Дотур | 41.792.203 | 48.177.295 | **89.969.498** | 13.088.452 | 14.592.853 | **27.681.306** |
| Утовар и растовар | 36.410.688 | 3.281.962 | **39.692.650** | 0 | 0 | **0** |
| Превоз | 33.008.295 | 27.874.134 | **60.882.429** | 7.256 | 0 | **7.256** |
| **ВКУПНО ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ :** | **252.661.493** | **131.656.270** | **384.317.763** | **48.585.883** | **28.684.464** | **77.270.347** |

## Б. РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ И ЗАКОНСКИ ОБВРСКИ

| 1. Режиски трошоци | Огревно дрво | Техничко дрво | Вкупно |
|---|---|---|---|
| * Управно-продажна режија | 279.687.389 | 98.999.875 | **378.687.264** |
| * Манипулативна режија | 147.398.405 | 46.562.027 | **193.960.432** |
| * Заштита и одгледување на шумите | 114.583.784 | 25.181.066 | **139.764.850** |
| * Изградба и прочистување на патишта | 54.387.920 | 16.619.516 | **71.007.436** |
| * Трошоци на Дирекција ( дел ) | 98.687.503 | 33.103.744 | **131.791.246** |
| **Вкупно режиски трошоци :** | **694.745.000** | **220.466.228** | **915.211.228** |

| 2. Законски обврски | Огревно дрво | Техничко дрво | Вкупно |
|---|---|---|---|
| * А- 2 | 66.782.757 | 26.116.823 | **108.120.142** |
| * Проширена репродукција | 25.053.867 | 9.547.798 | **32.295.583** |
| **Вкупно законски обврски :** | **91.836.624** | **35.664.621** | **140.415.725** |

## В. ВКУПНО ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ, РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ И ЗАКОНСКИ ОБВРСКИ

| | |
|---|---|
| **а. За огревно дрво** | **1.170.899.387** |
| **б. За техничко дрво** | **333.401.197** |
| **Вкупно :** | **1.504.300.584** |

Напомена: Во Рекапитуларот на остварени трошоци за производство на огревно и техничко дрво не се влезени податоците од Годишната сметка за 2023 год. од ПШС Кајмакчалан-Битола, поради недоставување на бараните податоци, освен законските обврски.

## 2. РЕКАПИТУЛАР НА ОСТВАРЕНА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ НА 1м3 ОГРЕВНО И ТЕХНИЧКО ДРВО НА НИВО НА ЈП "НАЦИОНАЛНИ ШУМИ"

Табела 38

| Елементи | ОГРЕВНО ДРВО | | | ТЕХНИЧКО ДРВО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Остварени трошоци(денари) | Количина м³ | Цена на чинење ден./м³ | Остварени трошоци(денари) | Количина м³ | Цена на чинење ден./м³ |
| 1 | 2 | 3 | 4=2:3 | 5 | 6 | 7=5:6 |
| * Сеча | 193.773.187 | 317.773 | **609,78** | 49.581.785 | 98.995 | **500,85** |
| * Дотур | 89.969.498 | 195.991 | **459,05** | 27.681.306 | 66.543 | **415,99** |
| * Утовар и растовар | 39.692.650 | 67.610 | **587,08** | 0 | 0 | **0,00** |
| * Превоз | 60.882.429 | 67.610 | **900,50** | 7.256 | 2 | **0,00** |
| * Управно-продажна режија* ( дел ) | 279.687.389 | 317.773 | **880,15** | 98.999.875 | 98.995 | **1.000,05** |
| * Манипулативна режија | 147.398.405 | 317.773 | **463,85** | 46.562.027 | 98.995 | **470,35** |
| * Заштита и одгледување на шумите | 114.583.784 | 317.773 | **360,58** | 25.181.066 | 98.995 | **254,37** |
| * Изградба и прочистување на патишта | 54.387.920 | 317.773 | **171,15** | 16.619.516 | 98.995 | **167,88** |
| * Проста репродукција | 66.782.757 | 317.773 | **210,16** | 26.116.823 | 98.995 | **263,82** |
| * Проширена репродукција | 25.053.867 | 317.773 | **78,84** | 9.547.798 | 98.995 | **96,45** |
| * Трошоци за Дирекција ( дел ) | 98.687.503 | 317.773 | **310,56** | 33.103.744 | 98.995 | **334,40** |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО** | **1.170.899.387** | | **5.031,71** | **333.401.197** | | **3.504,15** |

***) Во ставката "Управно-продажна режија" се:**

- Дел од трошоците на одделенијата за продажба и набавка и одделенијата за општи и заеднички работи
- Вкупните трошоци во механичарските работилници
- Трошоците за ознака на дрвната маса

## 3.ОСТВАРЕНА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ НА 1м³ ОГРЕВНО И ТЕХНИЧКО ДРВО ПО ПОДРУЖНИЦИ

Табела 39

| Подружница | Остварена цена на чинење | |
|---|---|---|
| | Огревно дрво (ден./м³ ) | Техничко дрво (ден./м³ ) |
| "Малешево" - Берово | 5.465,03 | 2.466,43 |
| "Равна Река" - Пехчево | 6.478,56 | 10.047,96 |
| "Осогово" - Крива Паланка | 4.877,78 | 9.903,19 |
| "Кратово" - Кратово | 4.274,87 | 0,00 |
| "Осогово" - Кочани | 5.089,75 | 17.141,74 |
| "Серта" - Штип | 5.806,96 | 0,00 |
| "Плачковица" - Радовиш | 2.911,48 | 4.233,26 |
| "Плачковица" - Виница | 4.826,19 | 4.778,46 |
| "Беласица" - Струмица | 3.231,17 | 4.106,04 |
| "Саланџак" - Валандово | 7.327,82 | 0,00 |
| "Кожув" - Гевгелија | 3.749,94 | 4.398,38 |
| "Демир Капија" - Д.Капија | 5.722,82 | 3.256,91 |
| "Бор" - Кавадарци | 5.793,69 | 4.802,07 |
| "Црн бор" - Прилеп | 5.275,92 | 2.126,41 |
| "Бабуна" - Велес | 5.233,69 | 0,00 |
| "Шумарство" - Св.Николе | 4.012,19 | 0,00 |
| "Кајмакчалан" - Битола | | |
| "Бигла" - Демир Хисар | 8.159,54 | 14.016,52 |
| "Липа" - Крушево | 3.642,56 | 2.947,99 |
| "Преспадрво" - Ресен | 4.236,24 | 0,00 |
| "Галичица" - Охрид | 4.651,61 | 3.860,93 |
| "Јабланица" - Струга | 11.838,86 | 13.637,08 |
| "Стогово" - Дебар | 5.368,09 | 4.992,21 |
| "Лопушник" - Кичево | 6.896,04 | 7.770,93 |
| "Сандански" - Мак.Брод | 6.119,07 | 2.564,37 |
| "Шар" - Гостивар | 7.213,31 | 0,00 |
| "Лешница" - Тетово | 32,516,92 | 0,00 |
| "Караџица" - Скопје | 5.134,73 | 0,00 |
| "Куманово" - Куманово | 5.840,64 | 6.400,42 |
| "Голак" - Делчево | 18.651,58 | 9.931,71 |
| **НА НИВО НА ЈП** | **5.031,71** | **3.504,15** |

**Напомена**: Остварената цена на чинење на 1м3 огревно и техничко дрво кај некои од подружниците е многу поголема во споредба со останатите, како резултат на тоа што со прогласувањето на Заштитените подрачја Малешево и Осоговски Планини, како и Националниот парк Шар Планина, дојде до намалување на дрвната маса планирана за стопанска намена, бидејќи во ЗП се вршат само одгледни мерки, а со самото тоа се намали и оствареното производство на дрвна маса. Во остварената цена на чинење на 1м3 огревно и техничко дрво се прикажани сите остварени трошоци кои се искажани во Годишните сметки на подружниците, па како резултат на тоа кај дел од подружниците е остварена многу висока цена на чинење на 1м3.

## 4.СТРУКТУРА НА ОДДЕЛНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ВКУПНО ОСТВАРЕНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОГРЕВНО И ТЕХНИЧКО ДРВО

Табела 40

| Подружница | ОГРЕВНО ДРВО | | | | | | | ТЕХНИЧКО ДРВО | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупни трошоци -денари- | Директни трошоци* | | Режиски трошоци** | | Законски обврски*** | | Вкупни трошоци -денари- | Директни трошоци* | | Режиски трошоци** | | Законски обврски*** | |
| | | Износ денари | % на учество | Износ денари | % на учество | Износ денари | % на учество | | Износ денари | % на учество | Износ денари | % на учество | Износ денари | % на учество |
| 1 | 2=3+5+7 | 3 | 4=3:2 | 5 | 6=5:2 | 7 | 8=7:2 | 9=10+12+14 | 10 | 11=10:9 | 12 | 13=12:9 | 14 | 15=14:9 |
| Берово | **35.408.089** | 15.785.529 | **44,58** | 15.883.618 | **44,86** | 3.738.941 | **10,56** | **21.020.119** | 5.452.366 | **25,94** | 12.617.402 | **60,03** | 2.950.352 | **14,04** |
| Пехчево | **19.955.209** | 2.427.916 | **12,17** | 14.985.989 | **75,10** | 2.541.304 | **12,74** | **18.194.594** | 6.802.465 | **37,39** | 9.354.661 | **51,41** | 2.037.468 | **11,20** |
| Крива Паланка | **41.909.523** | 20.989.887 | **50,08** | 17.270.977 | **41,21** | 3.648.658 | **8,71** | **18.309.057** | 5.531.960 | **30,21** | 11.087.823 | **60,56** | 1.689.275 | **9,23** |
| Кратово | **11.302.892** | 1.324.608 | **11,72** | 9.368.285 | **82,88** | 609.999 | **5,40** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Кочани | **28.285.169** | 7.988.311 | **28,24** | 16.534.085 | **58,45** | 3.762.773 | **13,30** | **17.938.255** | 610.351 | **3,40** | 15.885.690 | **88,56** | 1.442.214 | **8,04** |
| Штип | **24.081.498** | 5.265.756 | **21,87** | 17.022.286 | **70,69** | 1.793.456 | **7,45** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Радовиш | **25.204.635** | 11.625.098 | **46,12** | 11.268.438 | **44,71** | 2.311.100 | **9,17** | **47.508.262** | 11.915.112 | **25,08** | 30.466.517 | **64,13** | 5.126.632 | **10,79** |
| Виница | **23.797.111** | 13.130.060 | **55,18** | 9.247.051 | **38,86** | 1.420.000 | **5,97** | **29.731.593** | 5.845.616 | **19,66** | 21.197.417 | **71,30** | 2.688.560 | **9,04** |
| Струмица | **44.493.034** | 11.136.835 | **25,03** | 28.524.495 | **64,11** | 4.831.703 | **10,86** | **17.971.729** | 3.710.486 | **20,65** | 12.283.465 | **68,35** | 1.977.779 | **11,00** |
| Валандово | **23.568.884** | 7.271.705 | **30,85** | 14.572.498 | **61,83** | 1.724.681 | **7,32** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Гевгелија | **54.828.750** | 23.667.218 | **43,17** | 26.445.684 | **48,23** | 4.715.848 | **8,60** | **39.195.881** | 6.866.660 | **17,52** | 27.983.781 | **71,39** | 4.345.440 | **11,09** |
| Демир Капија | **24.961.043** | 7.392.085 | **29,61** | 15.042.007 | **60,26** | 2.526.951 | **10,12** | **465.739** | 56.674 | **0,00** | 349.268 | **0,00** | 59.797 | **0,00** |
| Кавадарци | **61.088.524** | 25.234.910 | **41,31** | 30.884.276 | **50,56** | 4.969.338 | **8,13** | **73.565.552** | 20.029.405 | **27,23** | 45.665.303 | **62,07** | 7.870.844 | **10,70** |
| Прилеп | **32.538.586** | 23.682.594 | **72,78** | 5.226.436 | **16,06** | 3.629.556 | **11,15** | **6.750.385** | 2.315.073 | **34,30** | 2.324.912 | **34,44** | 2.110.400 | **31,26** |
| Велес | **56.553.718** | 14.397.791 | **25,46** | 37.137.630 | **65,67** | 5.018.297 | **8,87** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Свети Николе | **12.903.210** | 14.776 | **0,11** | 12.135.867 | **94,05** | 752.567 | **5,83** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Битола | **0** | 0 | **0,00** | | **0,00** | | **0,00** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Демир Хисар | **84.951.531** | 41.690.474 | **49,08** | 37.064.246 | **43,63** | 6.196.812 | **7,29** | **374.048** | 152.188 | **0,00** | 186.252 | **0,00** | 35.607 | **0,00** |
| Крушево | **41.043.582** | 14.584.223 | **35,53** | 23.220.307 | **56,57** | 3.239.052 | **7,89** | **259.423** | 65.327 | **25,18** | 169.759 | **65,44** | 24.337 | **9,38** |
| Ресен | **60.279.867** | 20.188.672 | **33,49** | 35.105.458 | **58,24** | 4.985.736 | **8,27** | **3.012.018** | 1.695.301 | **0,00** | 1.192.883 | **0,00** | 123.835 | **0,00** |
| Охрид | **56.129.274** | 12.128.379 | **21,61** | 38.710.940 | **68,97** | 5.289.955 | **9,42** | **11.340.462** | 2.040.318 | **17,99** | 8.113.684 | **71,55** | 1.186.460 | **10,46** |
| Струга | **43.524.502** | 10.073.401 | **23,14** | 31.722.600 | **72,88** | 1.728.500 | **3,97** | **969.643** | 151.082 | **15,58** | 772.968 | **79,72** | 45.594 | **4,70** |
| Дебар | **29.700.060** | 3.892.679 | **13,11** | 24.081.566 | **81,08** | 1.725.816 | **5,81** | **499.221** | 66.160 | **13,25** | 403.511 | **80,83** | 29.549 | **5,92** |
| Кичево | **90.973.524** | 24.064.729 | **26,45** | 62.819.812 | **69,05** | 4.088.983 | **4,49** | **13.576.270** | 2.129.346 | **15,68** | 10.776.833 | **79,38** | 670.091 | **4,94** |
| Макед.Брод | **59.930.157** | 20.658.299 | **34,47** | 34.140.105 | **56,97** | 5.131.753 | **8,56** | **687.610** | 206.416 | **30,02** | 410.444 | **59,69** | 70.750 | **10,29** |
| Гостивар | **45.309.089** | 18.702.634 | **41,28** | 21.641.288 | **47,76** | 4.965.167 | **10,96** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Тетово | **26.582.607** | 6.503.724 | **24,47** | 18.846.582 | **70,90** | 1.232.301 | **4,64** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Скопје | **55.507.261** | 9.791.908 | **17,64** | 42.496.594 | **76,56** | 3.218.759 | **5,80** | **0** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** | 0 | **0,00** |
| Куманово | **31.266.492** | 2.312.993 | **7,40** | 28.269.526 | **90,41** | 683.973 | **2,19** | **672.044** | 521.340 | **0,00** | 142.058 | **0,00** | 8.646 | **0,00** |
| Делчево | **24.821.565** | 8.390.569 | **33,80** | 15.076.352 | **60,74** | 1.354.644 | **5,46** | **11.359.293** | 1.106.701 | **0,00** | 9.081.600 | **0,00** | 1.170.992 | **10,31** |
| **ВКУПНО** | **1.170.899.387** | **384.317.763** | **32,82** | **694.745.000** | **59,33** | **91.836.624** | **7,84** | **333.401.197** | **77.270.347** | **23,18** | **220.466.228** | **66,13** | **35.664.621** | **10,70** |

* Во директни трошоци влегуваат: Трошоци во фазите сеча, дотур, утовар и превоз

** Во режиски трошоци влегуваат: Манипулативна и управно-продажна режија, трош. за Дирекција, изгр. и прочист. на патишта и трош. за зашт. и одглед. на шуми

*** Во законски обврски влегуваат: Трошоци за проста и проширена репродукција

## 5. РАСПРЕДЕЛБА НА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ОД ВКУПНИТЕ РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ (ЗА ОДДЕЛЕНИЈАТА КОИ ОСТВАРУВААТ СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ )

Табела 41

| ДЕЈНОСТИ | РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ ( дел ) | |
|---|---|---|
| | Управно-продажна режија | Трошоци на Дирекција |
| Семенарство и расадничко производство | **1.237.137** | **2.899.764** |
| Ловишта | **232.119** | **559.248** |
| Хидродестилара | **0** | **0** |
| **ВКУПНО** | **1.469.255** | **3.459.012** |

## 6. ПЛАНИРАНА И ОСТВАРЕНА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ на 1м3 огревно и техничко дрво

ден./м³

Табела 42

| ПОДРУЖНИЦА | ОГРЕВНО ДРВО | | | ТЕХНИЧКО ДРВО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирана цена на чинење | Остварена цена на чинење | % на остварув. | Планирана цена на чинење | Остварена цена на чинење | % на остварув. |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2*100 | 5 | 6 | 7=6:5*100 |
| "Малешево" - Берово | 3.806,90 | 5.465,03 | 143,56 | 2.775,38 | 2.466,43 | 88,87 |
| "Равна Река" - Пехчево | 4.132,08 | 6.478,56 | 156,79 | 3.989,33 | 10.047,96 | 251,87 |
| "Осогово" - Крива Паланка | 3.941,07 | 4.877,78 | 123,77 | 3.010,13 | 9.903,19 | 329,00 |
| "Кратово" - Кратово | 3.536,94 | 4.274,87 | 120,86 | 3.127,67 | 0,00 | 0,00 |
| "Осогово" - Кочани | 4.441,55 | 5.089,75 | 114,59 | 3.126,64 | 17.141,74 | 548,25 |
| "Серта" - Штип | 3.607,39 | 5.806,96 | 160,97 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Плачковица" - Радовиш | 2.912,61 | 2.911,48 | 99,96 | 2.178,33 | 4.233,26 | 194,34 |
| "Плачковица" - Виница | 3.457,40 | 4.826,19 | 139,59 | 3.010,32 | 4.778,46 | 158,74 |
| "Беласица" - Струмица | 3.469,75 | 3.231,17 | 93,12 | 2.983,13 | 4.106,04 | 137,64 |
| "Саланџак" - Валандово | 3.784,82 | 7.327,82 | 193,61 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Кожув" - Гевгелија | 3.720,99 | 3.749,94 | 100,78 | 3.357,86 | 4.398,38 | 130,99 |
| "Демир Капија" - Д.Капија | 3.134,35 | 5.722,82 | 182,58 | 2.857,10 | 3.256,91 | 113,99 |
| "Бор" - Кавадарци | 4.578,19 | 5.793,69 | 126,55 | 3.571,02 | 4.802,07 | 134,47 |
| "Црн бор" - Прилеп | 3.678,92 | 5.275,92 | 143,41 | 2.388,49 | 2.126,41 | 89,03 |
| "Бабуна" - Велес | 3.695,25 | 5.233,69 | 141,63 | 3.050,31 | 0,00 | 0,00 |
| "Шумарство" - Св.Николе | 5.486,53 | 4.012,19 | 73,13 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Кајмакчалан" - Битола | 4.686,82 | | 0,00 | 3.487,49 | | 0,00 |
| "Бигла" - Демир Хисар | 3.359,90 | 8.159,54 | 242,85 | 0,00 | 14.016,52 | |
| "Липа" - Крушево | 3.554,38 | 3.642,56 | 102,48 | 3.376,82 | 2.947,99 | 87,30 |
| "Преспадрво" - Ресен | 3.298,05 | 4.236,24 | 128,45 | 2.999,50 | 0,00 | 0,00 |
| "Галичица" - Охрид | 3.400,24 | 4.651,61 | 136,80 | 3.074,39 | 3.860,93 | 125,58 |
| "Јабланица" - Струга | 3.474,40 | 11.838,86 | 340,75 | 2.601,13 | 13.637,08 | 524,28 |
| "Стогово" - Дебар | 3.015,87 | 5.368,09 | 177,99 | 4.343,86 | 4.992,21 | 114,93 |
| "Лопушник" - Кичево | 3.073,23 | 6.896,04 | 224,39 | 2.603,02 | 7.770,93 | 298,54 |
| "Сандански" - Мак.Брод | 3.444,80 | 6.119,07 | 177,63 | 2.173,38 | 2.564,37 | 117,99 |
| "Шар" - Гостивар | 3.804,40 | 7.213,31 | 189,60 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Лешница" - Тетово | 3.461,48 | 32,516,92 | | 3.553,15 | 0,00 | 0,00 |
| "Караџица" - Скопје | 3.536,09 | 5.134,73 | 145,21 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Куманово" - Куманово | 4.840,06 | 5.840,64 | 120,67 | 0,00 | 6.400,42 | |
| "Голак" - Делчево | 2.245,99 | 18.651,58 | 830,44 | 1.506,83 | 9.931,71 | 659,11 |
| **НА НИВО НА ЈП** | **3.563,47** | **5.031,71** | **141,20** | **2.851,58** | **3.504,15** | **122,88** |

## 7. СПОРЕДБА НА ОСТВАРЕНАТА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ 2023/2022 ГОД.

ден./м³

Табела 43

| ПОДРУЖНИЦА | ОГРЕВНО ДРВО | | | ТЕХНИЧКО ДРВО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | Индекс | 2022 | 2023 | Индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 | 5 | 6 | 7=6:5 |
| "Малешево" - Берово | 5.879,64 | 5.465,03 | 0,93 | 4.348,11 | 2.466,43 | 0,57 |
| "Равна Река" - Пехчево | 2.991,02 | 6.478,56 | 2,17 | 1.872,50 | 10.047,96 | 5,37 |
| "Осогово" - Крива Паланка | 3.552,61 | 4.877,78 | 1,37 | 14.280,01 | 9.903,19 | 0,69 |
| "Кратово" - Кратово | 29.723,75 | 4.274,87 | 0,14 | 6.685,90 | 0,00 | 0,00 |
| "Осогово" - Кочани | 8.937,20 | 5.089,75 | 0,57 | 4.971,64 | 17.141,74 | 3,45 |
| "Серта" - Штип | 4.136,34 | 5.806,96 | 1,40 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Плачковица" - Радовиш | 3.579,86 | 2.911,48 | 0,81 | 3.119,68 | 4.233,26 | 1,36 |
| "Плачковица" - Виница | 4.911,19 | 4.826,19 | 0,98 | 5.164,53 | 4.778,46 | 0,93 |
| "Беласица" - Струмица | 2.998,41 | 3.231,17 | 1,08 | 2.469,12 | 4.106,04 | 1,66 |
| "Саланџак" - Валандово | 8.081,89 | 7.327,82 | 0,91 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Кожув" - Гевгелија | 3.857,73 | 3.749,94 | 0,97 | 3.072,89 | 4.398,38 | 1,43 |
| "Демир Капија" - Д.Капија | 3.971,19 | 5.722,82 | 1,44 | 15.406,30 | 3.256,91 | 0,21 |
| "Бор" - Кавадарци | 6.004,84 | 5.793,69 | 0,96 | 3.064,56 | 4.802,07 | 1,57 |
| "Црн бор" - Прилеп | 4.684,86 | 5.275,92 | 1,13 | 4.166,43 | 2.126,41 | 0,51 |
| "Бабуна" - Велес | 5.135,67 | 5.233,69 | 1,02 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Шумарство" - Св.Николе | 4.265,87 | 4.012,19 | 0,94 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Кајмакчалан" - Битола | 6.435,39 | | 0,00 | 4.772,23 | | 0,00 |
| "Бигла" - Демир Хисар | 3.956,80 | 8.159,54 | 2,06 | 0,00 | 14.016,52 | 0,00 |
| "Липа" - Крушево | 3.215,75 | 3.642,56 | 1,13 | 3.283,71 | 2.947,99 | 0,90 |
| "Преспадрво" - Ресен | 4.044,22 | 4.236,24 | 1,05 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Галичица" - Охрид | 3.265,48 | 4.651,61 | 1,42 | 3.401,03 | 3.860,93 | 1,14 |
| "Јабланица" - Струга | 6.882,15 | 11.838,86 | 1,72 | 8.191,29 | 13.637,08 | 1,66 |
| "Стогово" - Дебар | 5.181,35 | 5.368,09 | 1,04 | 6.461,55 | 4.992,21 | 0,77 |
| "Лопушник" - Кичево | 5.948,56 | 6.896,04 | 1,16 | 4.372,53 | 7.770,93 | 1,78 |
| "Сандански" - Мак.Брод | 4.015,09 | 6.119,07 | 1,52 | 3.660,89 | 2.564,37 | 0,70 |
| "Шар" - Гостивар | 3.556,74 | 7.213,31 | 2,03 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Лешница" - Тетово | 18.086,83 | 32,516,92 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Караџица" - Скопје | 3.635,56 | 5.134,73 | 1,41 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Куманово" - Куманово | 2.338,81 | 5.840,64 | 2,50 | 0,00 | 6.400,42 | 0,00 |
| "Голак" - Делчево | 4.150,03 | 18.651,58 | 4,49 | 1.321,91 | 9.931,71 | 7,51 |
| **НА НИВО НА ЈП** | **4.261,37** | **5.031,71** | **1,18** | **3.264,51** | **3.504,15** | **1,07** |

## 8. ОСТВАРЕНА ПРОСЕЧНА ПРОДАЖНА ЦЕНА И ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ

ден./м³ Табела 44

| ПОДРУЖНИЦА | ОГРЕВНО ДРВО | | | ТЕХНИЧКО ДРВО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечна продажна цена | Цена на чинење | Индекс | Просечна продажна цена | Цена на чинење | Индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 | 5 | 6 | 7=6:5 |
| "Малешево" - Берово | 2.736,02 | 5.465,03 | 2,00 | 3.436,46 | 2.466,43 | 0,72 |
| "Равна Река" - Пехчево | 499,43 | 6.478,56 | 12,97 | 1.487,77 | 10.047,96 | 6,75 |
| "Осогово" - Крива Паланка | 2.470,10 | 4.877,78 | 1,97 | 2.589,87 | 9.903,19 | 3,82 |
| "Кратово" - Кратово | 909,86 | 4.274,87 | 4,70 | 1.734,05 | 0,00 | 0,00 |
| "Осогово" - Кочани | 2.628,17 | 5.089,75 | 1,94 | 3.694,32 | 17.141,74 | 4,64 |
| "Серта" - Штип | 2.342,89 | 5.806,96 | 2,48 | 2.024,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Плачковица" - Радовиш | 2.998,86 | 2.911,48 | 0,97 | 3.478,84 | 4.233,26 | 1,22 |
| "Плачковица" - Виница | 2.646,39 | 4.826,19 | 1,82 | 3.658,08 | 4.778,46 | 1,31 |
| "Беласица" - Струмица | 2.232,08 | 3.231,17 | 1,45 | 3.112,88 | 4.106,04 | 1,32 |
| "Саланџак" - Валандово | 2.256,68 | 7.327,82 | 3,25 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Кожув" - Гевгелија | 2.645,94 | 3.749,94 | 1,42 | 3.471,71 | 4.398,38 | 1,27 |
| "Демир Капија" - Д.Капија | 1.889,44 | 5.722,82 | 3,03 | | 3.256,91 | |
| "Бор" - Кавадарци | 3.383,47 | 5.793,69 | 1,71 | 3.865,15 | 4.802,07 | 1,24 |
| "Црн бор" - Прилеп | 3.320,06 | 5.275,92 | 1,59 | 4.518,20 | 2.126,41 | 0,47 |
| "Бабуна" - Велес | 2.725,86 | 5.233,69 | 1,92 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Шумарство" - Св.Николе | 1.995,14 | 4.012,19 | 2,01 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Кајмакчалан" - Битола | 2.480,25 | | 0,00 | 4.301,44 | | 0,00 |
| "Бигла" - Демир Хисар | 2.744,34 | 8.159,54 | 2,97 | 2.003,90 | 14.016,52 | 6,99 |
| "Липа" - Крушево | 2.802,37 | 3.642,56 | 1,30 | 2.983,25 | 2.947,99 | 0,99 |
| "Преспадрво" - Ресен | 2.639,15 | 4.236,24 | 1,61 | 3.118,83 | 0,00 | 0,00 |
| "Галичица" - Охрид | 2.221,20 | 4.651,61 | 2,09 | 3.006,15 | 3.860,93 | 1,28 |
| "Јабланица" - Струга | 3.279,02 | 11.838,86 | 3,61 | | 13.637,08 | |
| "Стогово" - Дебар | 2.436,87 | 5.368,09 | 2,20 | 3.239,99 | 4.992,21 | 1,54 |
| "Лопушник" - Кичево | 3.035,20 | 6.896,04 | 2,27 | 3.385,48 | 7.770,93 | 2,30 |
| "Сандански" - Мак.Брод | 2.834,31 | 6.119,07 | 2,16 | 2.994,38 | 2.564,37 | 0,86 |
| "Шар" - Гостивар | 2.474,30 | 7.213,31 | 2,92 | 2.004,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Лешница" - Тетово | 2.208,21 | 32,516,92 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Караџица" - Скопје | 2.255,06 | 5.134,73 | 2,28 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| "Куманово" - Куманово | 1.387,32 | 5.840,64 | 4,21 | 3.018,74 | 6.400,42 | 2,12 |
| "Голак" - Делчево | 399,73 | 18.651,58 | 46,66 | 1.505,78 | 9.931,71 | 6,60 |
| **НА НИВО НА ЈП** | **2.380,91** | **5.031,71** | **2,11** | **3.040,65** | **3.504,15** | **1,15** |

# 9. Коментар

Анализата на цената на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво е направена врз основа на пресметаните трошоци од работењето на ЈП "Национални шуми " содржани во Годишната сметка за период од 01.01.-31.12.2023 година.

Цел на анализата е да се добие приближно точна слика за еден важен сегмент од работењето на подружниците, а тоа се стварните трошоци направени за извршување на основната дејност ( производство на огревно и техничко дрво ), искажани во вкупен износ и по единица производ.

Резултатите од анализата недвосмислено упатуваат на одредени сознанија за успешноста и економичноста во работењето на подружниците, односно за степенот на вклопување на нивните трошоци од работењето во продажната цена на основните шумски сортименти, определена според официјалниот Ценовник на ЈП"Национални шуми ".

*    *    *

Генерална оценка за остварената цена на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво во 2023 година е дека таа е сеуште повисока од просечната продажна цена, а се забележува и негативен тренд во смисла на намалување на економичноста од работењето.

### а. Споредба со 2022 година

| Елементи | 2022 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Дрвна маса – м³ | 484.320 | 416.768 | 0,86 |
| * Огревно дрво | 381.671 | 317.773 | 0,83 |
| * Техничко дрво | 102.649 | 98.995 | 0,96 |
| Трошоци за производство – ден. | 1.628.528.379 | 1.504.300.584 | 0,92 |
| * Огревно дрво | 1.308.091.386 | 1.170.899.387 | 0,89 |
| * Техничко дрво | 320.436.993 | 333.401.197 | 1,04 |

6. Споредба со Планот за 2023 година

| Е л е м е н т и | Планирано | Остварено | % на оств. |
|---|---|---|---|
| **Дрвна маса — м³** | **627.269** | **416.768** | **66%** |
| * Огревно дрво | 489.705 | 317.773 | 65% |
| * Техничко дрво | 137.564 | 98.995 | 72% |
| **Трошоци за производство - ден.** | **1.805.558.660** | **1.504.300.584** | **83%** |
| * Огревно дрво | 1.420.814.424 | 1.170.899.387 | 82% |
| * Техничко дрво | 384.744.236 | 333.401.197 | 87% |

Од Табела-а — **"Споредба со 2022 год."** се гледа дека произведената дрвна маса во 2023год. е помала од истата произведена во 2022 год. за **14%**, а и трошоците за производство на дрвна маса се помали за 8%, што зборува за намалување на продуктивноста од работењето. Во овој прилог оди и споредбата со Планот за 2023 год. **(Табела-6)** која покажува дека планираното производство на вкупна дрвна маса е остварено со 66%, додека планираните трошоци за негово производство се остварени со 83%.

Споредбените податоци за планирана и остварена цена на чинење (Таб.42 стр.113) покажува дека на ниво на ЈП планираната цена на чинење на **1м³** огревно дрво е остварена со 141,20%, а на техничкото дрво со 122,88%.Најголеми отстапувања од планираната цена на чинење се јавуваат кај следните подружници:

**а. За техничко дрво**

- Делчево..........................................659,11%
- Кочани..................................................... 548,25%
- Струга ......................................... 524,28%

- Крива Паланка....................................... 329,00%
- Кичево ..................................................298,54%
- Пехчево..................................................251,87%
- Радовиш..................................................194,34%
- Виница...................................................158,74%

б. За огревно дрво

- Делчево................................................. 830,44%
- Струга.................................................... 340,75%
- ДХисар....................................................242,85%
- Кичево....................................................224,39%
- Валандово...............................................193,61%
- Дебар.......................................................177,99%
- Штип.........................................................160,97%

Споредбените податоци, пак, со 2022 година ( Таб.43, стр.114 ) покажуваат дека остварената цена на чинење на 1м³ огревно дрво во 2023 год. е повисока од минатогодишната за 18%, додека кај техничкото дрво е повисока за 7%.

Најголемо зголемување на остварената цена на чинење во споредба со минатата година се јавува кај следните подружници:

а. За техничко дрво

- Делчево...............................................за 751%
- Пехчево.......................................за 537%
- Кочани................................................за 345%

6. За огревно дрво

- Тетово.................................................. премногу во однос на планирана и остварена цена на чинење на огревното дрво
- Делчево.................................................за 449%
- Куманово............................................за 250%

Остварената цена на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво кај овие подружници, е многу поголема во споредба со останатите, како резултата на тоа што со прогласувањето на Заштитените подрачја Малешево и Осоговски Планини, како и Националниот парк Шар Планина, дојде до намалување на дрвната маса планирана за стопанска намена, бидејќи во ЗП ќе се вршат само одгедни мерки, а со самото тоа се намали и оствареното производство, а во остварената цена на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво се прикажани сите остварени трошоци кои се искажани во Годишната сметка на подружницата.

Споредбата, пак, со остварената просечна продажна цена (Таб.44, стр.115) покажува дека кај огревното дрво остварената цена на чинење е повисока за 111%, а кај техничкото дрво се забележува зголемување од 15%.

Структурата на одделните трошоци во вкупно остварените трошоци за производство на огревно и техничко дрво (Таб.40, стр.111) покажува дека најголемо учество отпаѓа на режиските трошоци (59,33% кај огревното дрво и 66,13% кај техничкото дрво ). Директните трошоци учествуваат со 32,82% кај огревното и 23,18% кај техничкото дрво, додека законските обврски (проста и проширена репродукција на шуми, согласно член 94 и 95 од Законот за шуми) учествуваат со 7,84% кај огревното и 10,70% кај техничкото дрво.



# V.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВО 2023 год.

Во поглед на превземените мерки и активности во тековното работење во извештајниот период, Директорот на Јавното претпријатие заедно со Управниот одбор, за остварувањето на поставените плански задачи во што поголем обем, како и нормално тековно функционирање во сите сегменти од работењето, има превземено повеќе мерки и активности, од кои позначајни се:

- Согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата за Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите, како и членот 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019 год.), Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост Национални шуми п.о.–Скопје, на официјалната веб страна на претпријатието го објави Годишниот извештај за информации од јавен карактер за 2023 год.

Годишниот извештај е изработен според таксативно набележаните обврски од член 36, според кој на сите побарани информации е одговорено прецизно, со податоци, коментари и карактеристики кои произлегуваат од работата на јавното претпријатие.

- Согласно објавениот Извештај на мониторингот на јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост за 2023 година, објавен од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, ЈП Национални шуми се наоѓа на високо шесто место и се наоѓа во групата на јавни претпријатија и АД во нашата земја со највисоко ниво на транспарентност. Сите обврски на институциите да ја направат својата работа транспарентна важат и за јавните претпријатија под надлежност на општините и Град Скопје и јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост, како иматели на информации од јавен карактер. Институциите работат во интерес на граѓаните за да обезбедат услови за нивен развој преку нивното транспарентно работење. Од таа причина, важно е граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста, а имателите се должни на граѓаните да им овозможат пристап до тие информации.

За таа цел, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно своите надлежности спроведе мониторинг на 49 иматели, во периодот од 19 септември до 10 октомври 2023 година.

- На 28 јули се одбележа Светскиот ден на заштитата на природата, со цел ширење на свеста за природните ресурси кои се наоѓаат на нашата планета Земја и кои се основа за стабилно и продуктивно општество, особено за обезбедување на благосостојбата на сегашните и идните генерации.

Денес се соочуваме со бројни опасности за животната средина во која живееме, како што се: климатските промени, глобалното затоплување, дефорестација, намалување на

животната разновидност, топење на ледените површини, покачување на нивото на морињата, зголемување на загадувачите.

Сите ние зависиме од природните ресурси: вода, воздух, почва, минерали, дрвја, животни, храна, нафта, тие се основни елементи во нашиот секојдневен живот.

За да ја одржиме рамнотежата на природата, мора да им помогнеме и на различните видови да продолжат да постојат. Извештајот на Светската организација за заштита на Светската фондација за дивиот свет сугерира дека од 1970 година, притисокот што го вршиме врз планетата е двојно зголемен, а ресурсите од кои зависиме се намалени за 33%.

Во последно време се снимаат многу документарни филмови за заштита на природата кои покажуваат како се трошат ресурсите. Светскиот ден на заштита на природата треба да се слави секој ден од нашите животи, а не само на 28. јули.

- На ден 11.08.2023 година генералниот директор на ЈП Национални шуми Валентин Груевски гостуваше на Тера ТВ, во која зборуваше за актуелната забрана за движење во шума, за планираните 500 ха површина засадени со нови садници, како и за кампањата "Лето без пожари" во која учествуваат вработените од сите подружници на јавното претпријатие, заедно со припадниците на МВР и шумската полиција.
- На ден 20.09.2023 година во Скопје, во организација на Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) Директорите на јавните претпријатија потпишаа Декларација за антикорупциски практики и политики. Со цел да се демонстрира политичка волја и да се даде придонес во спречувањето на корупцијата и подобрувањето на транспарентноста на јавните претпријатија, декларацијата ја потпишаа 36 директори на јавни претпријатија од целата земја. На настанот се обратија г-дин Ерик Мејер, Заменик шеф на мисијата на Амбасадата на САД во Скопје, проф. д-р Мишо Докмановиќ проектниот координатор, како и проф.д-рДарко Спасевски национален експерт, кој претставувајќи ги главните проектни резултати и ресурсната страница, изрази увереност дека присуството и изразената поддршка од страна на директорите на јавните претпријатија ќе ги охрабри вработените и ќе ги поттикне и граѓаните и правните лица кои се корисници на услуги и добра да ги користат механизмите на заштита на укажувачи, транспарентност и отчетност, секогаш кога ќе биде потребно и ќе бидат сигурни дека некој соодветно ќе постапи по нивниот поднесок. Настанот се реализираше во рамките на проектот кој го спроведува ИСИЕ - „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" и е финансиран од Амбасадата на САД. На настанот присуствуваше и директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски.
- На 06.10.2023 година во хотелот Александар Палас се одржа првата министерска конференција за шумарство - „Најдобри практики и искуства во обновувањето на шумите".

Конференцијата се одржа во соработка со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во партнерство со Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“- Скопје, со фокус на најдобри практики и искуства во обновувањето на шумите. На конференцијата учество со свои излагањаземаа и повеќе академски експерти од Северна Македонија, Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина, кои одржаа презентации на низа клучни теми, вклучително најдобри практики во обновувањето на шумите, силвикултура и предизвици во пошумувањето, споделувајќи нови научни искуства за производството на саден материјал од шумски видови, стратегии за пошумување на голи терени, хидросеење како начин за рекултивација на деградирано земјиште и еродирани подрачја, како и производство на биомаса. Споделените искуства и практики од министерската конференција за шумарство, треба да придонесат кон уште поголем развој на шумите, позелена и здрава иднина на земјите од Западен Балкан. На конференцијата присуствуваше делегација на ЈП Национални шуми, предводена од генералниот директор Валентин Груевски.

- Во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на пределите, на 29 октомври 2023 година, во Инфоцентарот на Пониква се одржа промоција на пределните вредности на заштитениот предел Осоговски Планини.

Настанот беше одбележан со изложба на фотографии „Осоговските села“, како и со планинарска и велосипедска тура до планинскиот врв Панаѓур, во промоцијата беа вклучени Македонското еколошко друштво - МЕД, локални планинарски и велосипедски друштва, а организатор беше Телото за управување со заштитениот предел Осоговски Планини во состав на ЈП „Национални шуми“. Од страна на претставниците на Јавното претпријатие нагласено беше дека во изминатиот период, откако подрачјето е прогласено за заштитен предел, реализирани се поголем број активности со кои се заштитуваат и унапредуваат неговите природни, културни и сите други карактеристики.

Пред околу три години подрачјето на Осоговските Планини, заедно со Малешево, беа прогласени за заштитени предели во рамки на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – излезна фаза, како проект на Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC, координирана од „Фармахем“ од Скопје. Во рамки на проектот набавени се: пет теренски возила, лична опрема и униформи за 19 лица кои се ангажирани во ренџерската служба во заштитените предели, кои поминаа стручна обука, а обезбедени се и теренски простории, како и потребната информатичка и друга опрема.

- На 01.11.2023 година во хотелот „Холидеј Ин“ во Скопје, се одржа вториот Регионален семинар во рамките на “Проектот за градење на капацитети за екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR)”, поддржан од Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија – JICA. На семинарот освен учесниците од Македонија присуствуваа Н.Е. Оцука Казуја, амбасадор на Јапонија во Република Северна Македонија, г-дин Хидео Нода,

заменик директор, како и други високи претставници од главната дирекција на ЈИЦА од Токио, г-дин Тору Инада, главен советник на Еко-ДРР проектот, како и учесници од Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора. Преку овој проект во Република Северна Македонија беа применети теоретски и практични мерки од концептот на екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR), со крајна цел да се намали интензитетот и фреквентноста на природни непогоди, како што се поројните поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата, кои со децении наназад предизвикуваат големи физички штети, социо-економски последици и доведуваат до тешка деградација на природната средина. На семинарот директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски му врачи плакета и благодарница на г-дин Хидео Нода, заменик директор на главната дирекција на JICA од Токио за долгогодишната плодна соработка.

- На ден 14.11.2023 година, во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, беше презентиран прелиминарниот извештај за период од 08.03.2023 до 09.09.2023 година од проектот на Европската унија за "Поддршка на реформите во шумарството во Република Северна Македонија". Извештајот беше презентиран пред Nievergelt Rafael од канцеларијата на ЕУ во Република Северна Македонија. На презентацијата освен претставници на ЈП Национални шуми, присуствуваа и претставници од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Центар за управување со кризи, Шумарски факултет и Дирекција за заштита и спасување.
- На ден 24.11.1023 година во рамките на предвидените активности во Планот за управување со Заштитен предел Осоговски планини и Заштитен предел Малешево, во просториите на Македонското еколошко друштво беше спроведена обука за членовите на Телото за управување на двата заштитени предели. Целта на обуката беше јакнење на знаењата на преставниците од двата Заштитени предели за изработка на Годишен извештај за 2023 година и Годишна програма за 2024 година. На состанокот се дискутираше и за справување со предизвиците при спроведување на предвидените активности и начинот на решавање и постапување по истите во наредниот период.
- На ден 06.12.2023 година во просториите на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, министерот Љупчо Николовски одржа средба со американскиот експерт Фил Хуф, на која беше разговарано и добиени се одлични препораки за развој на шумарскиот сектор во министерството, но и препораки за полесно справување со криминалот и несовесното уништување на шумите. Особено е важно подигнувањето на јавната свест кај луѓето за важноста на шумите. Своето искуство Хуф преку повеќе обуки го пренесе на Шумската полиција, инспекторатот за шумарство, студентите на Шумарскиот Факултет и јавните обвинители. Главен фокус во 2023 година беше пошумувањето и

обновата на опожарените подрачја. Шумите мораме да ги чуваме и развиваме сите заедно, бидејќи тие се нашето природно богатство.

- Одбележан Меѓународниот ден на планината 2023 година:

Меѓународниот ден на планината влече корени уште од 1992 година со усвојувањето на Поглавјето 13 од Агендата 21 „Управување со кревки екосистеми: одржлив планински развој" на Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој. Зголеменото внимание на важноста на планините е наведено на Генералното собрание на Обединетите нации, кога 2002 година е прогласена за Меѓународна година на планините. По тој повод, Генералното собрание на Обединетите Нации одреди 11 декември секоја година од 2003 година да се прославува како „Меѓународен ден на планината".

Темата за Меѓународниот ден на планината за 2023 година е обновување на планинските екосистеми и има за цел да се зголеми свеста за релевантноста на планинските екосистеми. Овогодишната тема е избрана заради целосно вклучување на планините во Декадата на ОН за обнова на екосистемите 2021–2030 година, предводена од Организацијата за храна и земјоделство на ОН и Програмата на ОН за животна средина. Декадата оди во насока на научно истражување и финансиски ресурси за значително да се зголеми реставрацијата и да се спречи понатамошна деградација на планинските екосистеми.